Број на Службен весник:/
Датум на објава на Службен весник:/
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

ЗАКОН ЗА ШУМИТЕ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.274/22)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето (во натамошниот текст: стопанисување со шумите), чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.

(2) Одредбите на овој закон се применуваат на сите шуми и шумско земјиште без оглед на сопственоста и намената.

Сопственост

Член 2

Шумите се во државна и во приватна сопственост.

Јавен интерес

Член 3

(1) Шумите како природно богатство се добро од општ интерес за Република Македонија и уживаат посебна заштита.

(2) Планирањето, управувањето, стопанисувањето и чувањето на шумите и шумското земјиште се дејности од јавен интерес.

Цели на Законот

Член 4

Цели на овој закон се:

- трајно да се сочува површината под шума, да се зголеми нивната вредност и да се обезбеди најголем прираст според природните услови на месторастењето и

- да се обезбеди одржливо управување, планирање, стопанисување со шумите и чување на шумите и шумското земјиште на начин и во обем со кој трајно се одржува и унапредува нивната производна способност, биолошка разновидност, способност за обнова и виталност во интерес на сегашниот и идниот развој на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, притоа да не се наруши екосистемот.

Субсидијарна примена на закон

Член 5

(1) На постапките утврдени со овој закон се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Во постапката во вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и Законот за шумарска и ловна инспекција, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Шума и шумско земјиште

Член 6

(1) Шума, во смисла на овој закон, претставува шумски екосистем кој постои на шумско земјиште обраснато со шумски видови дрвја и грмушки, голини непосредно до шумата, како и други голини и ливади внатре во шумата, шумски расадници, шумски патишта, семенски плантажи, противпожарни просеки во шума, ветрозаштитни појаси на површина поголема од два ари, како и шуми во заштитените подрачја. Шума се состои и од млади насади и шумски култури со површина поголема од два ари, како и површини кои се составен дел на шумата, а привремено се необраснати како резултат на човечкото влијание или природни непогоди на кои започнало природното обновување.

(2) Под шума не се подразбираат одвоени групи на дрвја и на површина помала од два ари, меѓни стебла меѓу земјоделско земјиште, плантажи од брзорастечки видови дрвја, како и крајбрежна вегетација надвор од шума, дрвореди и паркови во населени места.

Стопанисување со шумите

Член 7

Стопанисување со шумите претставува одгледување, заштита и користење на шумите, преку обнова, нега, заштита, подигнување на нови шуми, користење на шуми и шумско земјиште, како и други активности за одржување и унапредување на функциите на шумите.

Управување со шумите

Член 8

(1) Управување со шумите опфаќа стратешко планирање, организација и извршување на управни работи, стручни и советодавни работи за поддршка на субјектите кои стопанисуваат со шумите, мониторинг и надзор.

(2) Со шумите се управува и стопанисува на начин со кој трајно ќе се сочува и зголеми нивната површина, вредноста, да се обезбеди најголем прираст според природните услови и да се сочуваат и

подобруваат нивните општокорисни и производни функции.

Функции на шумите

Член 9

(1) Шумите, без оглед на сопственоста и намената, имаат производни, заштитни и општокорисни функции.

(2) Производните функции на шумите се во насока на производство на дрво и други производи од шумата.

(3) Заштитните функции на шумите се остваруваат особено преку:

- заштита на земјиштето, сообраќајниците и други објекти од ерозија, породни надоаѓања и поплави, влијание на водниот режим и режимот не ерозивните наноси,
- заштита на електроенергетските, хидромелиоративните, водоснабдителните системи и објекти,
- заштита на населби и објекти од јавен и локален интерес во државна и приватна сопственост и
- проширување и облагородување на урбаните зони.

(4) Општокорисните функции на шумите се во насока на одржлив развој и унапредување на животната средина и се остваруваат особено преку:

- подобрување на плодноста и заштитата од загадување на земјиштето,
- позитивно влијание на климата и климатските промени,
- врзување и претворање на јаглероден диоксид и јаглероден моноксид во цврста состојба,
- намалување и запирање на ерозивните процеси,
- создавање на кислород и прочистување на атмосферата,
- зачувување на природните вредности и биолошката разновидност,
- создавање поволни услови за лечење, закрепнување, одмор, спорт и рекреација,
- развој на туризмот и ловството,
- одбранбени активности,
- придонес за рурален развој и развој на локалните заедници и
- влијанието на убавината на пејзажот.

(5) Според функциите на шумите од ставот (1) на овој член и мерките на стопанисување, шумите можат да бидат стопански шуми, заштитни шуми, шуми со посебна намена и шуми во заштитени подрачја.

Видови на шуми по намена

Член 10

(1) Стопански шуми првенствено се користат за трајно производство на дрвни сортименти и други шумски производи и услуги.

(2) Заштитни шуми првенствено се користат за заштита на земјиштето, водата, населбите, инфраструктурни системи и други објекти и останатиот имот.

(3) Шуми со посебна намена можат да бидат определени како: шумски и ловни резервати, парк шуми, спомен шуми, шуми за производство на шумско семе, излетишта и шуми за потребите на науката, наставата и одбраната.

(4) Шумски и ловни резервати се определуваат заради заштита и одгледување на ретки видови шумски дрвја, дивеч и заштита на биолошката разновидност.

(5) Парк шуми и излетишта се определуваат за одмор, спорт и рекреација.

(6) Спомен шуми се определуваат заради одбележување на важни историски настани.

(7) Шуми за производство на шумско семе се определуваат за производство на признат и квалитетен репродуктивен семенски материјал.

(8) Шуми за потребите на науката и наставата се определуваат заради едукација на стручни лица од областа на шумарството и научно-истражувачки цели.

(9) Шуми во заштитените подрачја се прогласуваат согласно со Законот за заштита на природата.

Начин на определување на шумите по намена

Член 11

(1) Шумите за посебна намена ги определува Владата на Република Македонија.

(2) Шуми во заштитени подрачја се прогласуваат согласно со Законот за заштита на природата.

(3) Определување на шума со посебна намена се врши по барање на заинтересирани субјекти врз основа на стручно-техничка документација за намената, потребата и оправданоста за нејзино определување.

(4) Со актот од ставот (1) на овој член се утврдуваат намената, режимот на одгледување, заштитата на шумата и правните лица кои ќе вршат одгледување и заштита на шумата со посебна намена.

Дефиниции

Член 12

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Биолошка разновидност е севкупност на живите организми како составен дел на екосистемите, а ја вклучува разновидноста внатре во видовите, меѓу видовите, како и разновидноста на екосистемите. Компоненети на биолошка разновидност се видови на растенија, габи и животни со нивните живеалишта, нивниот генетски материјал и екосистемите;

2. Генофонд е целокупното количество на наследен материјал во одредена популација;

3. Горна граница (ивица-раб) на шума е линијата којашто со вертикалната проекција ја формираат крошните на крајните стебла во највисокиот висински појас (зона) на шумата;

4. Деградирана шума е шума која во значителна мера го изгубила квалитетот и способноста за прираст заради неповолно влијание на биотски, абиотски и антропогени фактори;

5. Долна граница (ивица-раб) на шума е линијата којашто со вертикалната проекција ја формираат крошните на првите стебла во најнискиот висински појас (зона) на шумата;

6. Екосистем е еколошки систем на организација кој претставува комплексно и структурно-функционално единство на живата и неживата природа;

7. Енклава, односно полуенклава е земјиште опкружено со земјиште од друг облик на сопственост или земјиште кое подлабоко навлегува во земјиштето на друг сопственик, односно корисник. Под енклава или полуенклава нема да се смета земјиште поголемо од 5 ха;

8. Етат е планирано количество дрвна маса за користење според посебните планови за стопанисување со шумите;

9. Заштита на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумата, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, бесправни сечи, пожари, растителни болести и штетници, напасување на добиток, желадење, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања;

10. Интегрирано управување е управување со просторот и природните ресурси (шуми, вода, минерални суровини, дивеч, туризам, други шумски производи итн.) од страна на еден субјект;

11. Копачење на шумите е отстранување на целата шумска вегетација за пренамена на шумското земјиште;

12. Корисници на шуми се правни лица, односно јавните претпријатија и/или стопански субјекти кои со овој или друг закон стекнале право на користење на државните шуми;

13. Користење на шумите е сеча на дрвја и производство на шумски сортименти, користење на отпадот од сеча, други шумски производи (шумски плодови, лековити растенија или нивни делови, печурки, лишаи, мов, семе, смола, камен и друго), промет на дрво и други шумски производи, како и користење на шумите за туризам, лов и рекреација;

14. Шумскокултурни работи се сите активности во шума кои се изведуваат со цел за подобрување на состојбите при одгледувањето, заштитата, користењето и планирањето во шумарството, како и шумарските техники и операции кои се неопходни за постигнување на овие цели;

15. Мониторинг е систем на постојано следење и анализа на целосната состојба на шумските екосистеми, а особено на нивната виталност, здравствена состојба и биолошка разновидност поради преземање на превентивни мерки и заштита;

16. Насад е дел од шума која според видовите на дрва, структурата, начинот и формата на одгледување се разликува од својата околина и бара посебни одгледувачки мерки;

17. Нега на шумите опфаќа одгледувачки мерки која се спроведува во шумските насади од моментот на настанување па до времето на обновителна сеча;

18. Обнова на шума е процес на настанување/основање на нови млади шуми на местото на постојните шуми по природен пат или вештачки подигнати шуми;

19. Одгледување на шумите е одржување, нега, обнова, мелиорација и реконструкција на шуми и шикари, замена на видови дрвја, збогатување на шумите со повредни видови дрвја и пошумување на голини и ерозивни земјишта;

20. Одржливо стопанисување подразбира стопанисување и користење на шумите и шумското земјиште на начин и во обем (степен) со кои се одржуваат нивниот биодиверзитет, продуктивност, способност за регенерација, виталност и нивниот потенцијал за исполнување, сега и во иднина, на релевантните еколошки, економски и социјални функции на локално, национално и глобално ниво, односно на начин кој не предизвикува оштетување на други екосистеми;

21. Подигнување на шуми, во смисла на овој закон, е пошумување на необраснато шумско земјиште, подигнување на насади од одредени дрвни видови и заштитни појаси на нови површини, како и нега на

новоподигнатите шуми до првиот проред;

22. Пасиште е земјоделско земјиште коешто во најголем обем е обраснато со тревна и зељаста вегетација и првенствено се користи за исхрана на дивеч и напасување на добиток;

23. Провиниенција е географско потекло на одреден вид;

24. Производни функции на шумите се производството на дрвната маса и другите шумски производи;

25. Процена на влијанието на животната средина е превентивна мерка на заштита на животната средина основана врз изработка на студија спроведена со консултации и со учество на јавноста и анализа на алтернативни мерки со цел да се соберат податоци и да се предвидат одредени штетни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, флората и фауната, земјиштето, водата, воздух, климата и пределот, материјалните и културните добра и заемното влијание на овие причинители, како и утврдување и предлагање на мерки со кои се спречуваат, намалуваат или отстрануваат овие штетни влијанија;

26. Пустошење на шумите се работи извршени спротивно на прописите со кои се ослабува производната сила на шумското земјиште со што се доведува во опасност трајноста на шумското производство, одгледувањето на шумите на тоа земјиште или се загрозува опстанокот на шумата и нивните општокорисни функции (сеча во поголем обем која би значела копачење на шумите, пребирна сеча од појак интензитет, подбелување на стеблата, секоја активност која може да предизвика закоравување и измивање/ерозија на земјиштето);

27. Пожар на отворен простор е секое неконтролирано горење на шума и шумско земјиште, без оглед на зафатената површина, интензитет и причина за негово настанување, кој опфаќа и горење на земјоделска површина и пасиште, поблиску од 200 м до работ на шумата;

28. Шумски пожар е секое неконтролирано горење на шума, шумско земјиште, без оглед на зафатената површина, интензитет и причина за негово настанување;

29. Управување со пожарите се мерки за заштита од пожари на отворен простор, кои опфаќаат:

1) превентивни мерки наменети за едукација и подигање на јавната свест и се преземаат во текот на целата година;

2) подготвителни мерки кои се преземаат во текот на целата година, пред да настане пожарот, а имаат за цел постигнување на максимална подготвеност на субјектите одговорни за заштитата на шумите да одговорат во случај на настанување на пожар и

3) директни мерки кои се преземаат за време на траењето на пожарот, а за цел го имаат неговото локализирање и гасење;

30. Управување со опожарена површина се активности за санација (сечење на опожарените дрвја на пожариштето и нивно отстранување), како и пошумување на опожарена површина, одгледување и заштита на садниците кои ги преземаат субјектите кои управуваат со шумите во наредните две години по гаснењето на пожарот;

31. Реинтродукција е повторно внесување на одреден растителен или животински вид во одредено подрачје;

32. Санитарни сечи со кои од шумата се отстрануваат оштетените, заболените, сувите стебла со цел за спречување на натамошно ширење на штетното влијание;

33. Стопанисување со шумите е планирање, организација, раководење и контрола на сите дејности во шумарството (одгледување, заштита и користење);

34. Стручно советодавни работи се давање на стручни совети, давање на упатства и други стручни и образовни услуги од страна на шумарските стручњаци на сопствениците на шумите;

35. Стручни работи во областа на шумарството се работи поврзани со извршување на ознаката за сеча и планирање на шумите, заштита и одржување на шумите и биодиверзитетот во шумите, одгледување на шумите, користење на шумите, изградба на шумски комуникации и советувања на сопствениците на шумите;

35-а. Трајна пренамена на шумско земјиште е пренамена на шумско земјиште за периодот во кој се вршат работите предвидени во членот 14 на овој закон;

36. Управување со шумите е стратешко планирање, организација и извршување на управни работи, мониторинг и надзор во шумарството;

37. Чиста сеча означува отстранување на сите или скоро на сите дрвја на површината чие растојание на рабовите меѓу останатиот насад е поголем од две висини на средно стебло од насадот;

38. Шумарство е наука, вештина и практика на одржливо стопанисување со шуми и други природни ресурси кои се наоѓат во шума и на шумско земјиште;

39. Шумска инфраструктура се објекти во шума, шумски патишта, патеки за привлекување, други дотурни патишта и друга инфраструктура која е наменета за стопанисување со шумите;

40. Шумска ливада е шумско земјиште коешто е обраснато со тревна и зелјаста вегетација и првенствено се користи за косење и производство на семе и исхрана на дивеч;

41. Шумски отпад/отпад после сеча се делови од стеблото кои остануваат во шумата по сеча како неупотребени за натамошно производство, освен деловите на стеблата и гранките со дијаметар над 7 см кои не претставуваат шумски отпад;

42. Шумски патишта се патишта во кои се вклучени и другите патни инфраструктури кои се долж нивните правци кои се првенствено наменети за одгледување и користење на шумите;

43. Шумски влеќи/патишта за привлекување е секундарна патна мрежа наменета за привлекување на дрвните сортименти при користењето на шумите;

44. Шумски ред е состојба во шумата која обезбедува услови за нејзино одржување, обновување и унапредување на шумите, посебно за заштита од пожари, растителни болести и штетници, заштита на земјиштето под шума од настанување и развивање на ерозивни процеси поради сеча или отстранување на дрвата од шума и заштита на подмладокот;

45. Шумски производи се сите производи од дрво во шума и на шумско земјиште, вклучувајќи шумски дрвја и грмушки и сите нивни делови, и тоа: биомаса на целата шумска вегетација, репродуктивните органи на сите дрвенести, грмушести и зелјести растенија (цвет, плод, семе), иглици и листови, гранчиња, кора и корења;

45-а. Други шумски производи се производи од биолошко и минерално потекло во шума и на шумско земјиште, и тоа: мов и лишаи, папрат, треви, цвеќе, лековити ароматични, јадливи и индустриски растенија, други растенија и нивни делови (корења, кора, листови, плодови, патолошки израстоци, полупаразитски и паразитски растенија), габи, смола, шишарки, сокови од растенијата, листинец, трева за сено од шумски ливади и голини, дивеч и други диви животни кои живеат во шума, тресет и хумус, песок и камен;

46. Шумски жиг-означувач е печат за означување на стебла за сеча и посечена дрвна маса - дрвни сортименти;

47. Шумски сортименти се видови дрвни производи во шума (огревно дрво, целулозно дрво, ситно техничко дрво и техничко дрво);

48. Шумскостопанска единица е дел од шумска област која по правило ја сочинува просторната целина од шума и шумско земјиште, а опфаќа цел шумски комплекс или само еден негов дел и

49. Шумско земјиште е земјиште на кое има шума или кое поради своите природни својства е најповолно за одгледување на шума, како и земјиште на кое се наоѓаат објекти наменети за стопанисување со шумите.

II. ОДРЖЛИВО СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ

Забрани

Член 13

(1) За да се оствари одржливото стопанисување со шумите забрането е:

- пустошење и копачење на шуми,
- трајна пренамена на шумско земјиште,
- чиста сеча која не е одобрена како редовна мерка за обновување на шумата во планските документи,
- секоја сеча која не е во согласност со планските документи,
- активности во заштитените подрачја кои не се во согласност со планските документи за заштитените подрачја,
- сеча на ретки и заштитени видови на дрвја,
- подбелување на стебла освен за потребите за обнова и нега на шума,
- напасување, брстење на кози и друга стока и желадење без дозвола,
- собирање на листинец, хумус и други дејствија со кои се ослабува приносната сила или се загрозува опстанокот на шумата и нејзините општокорисни функции,
- самоволно присвојување на шума, уништување или оштетување на ознаки и гранични знаци,
- депонирање на отпад, отровни супстанции и друг вид на материјал во шума,
- други работи кои го намалуваат приносот на шумите и ја загрозуваат нивната функција,
- сеча на семенски стебла и насади и чисти сечи кои не се предвидени со посебниот план, освен при изградба на објекти, согласно со овој закон,
- палење и опожарување на шума,
- бесправна сеча на шума,
- лупење кора од стебла,
- уништување или оштетување на подмладок во шума или на садници во пошумени сечишта,
- спроведување на активности со кои се интензивираат процесите на ерозија и други процеси на деградација на земјиштето,
- кастрење на стебла за лисничарење спротивно на планските документи,
- намерно отстранување и намалување на популациите на другите шумски производи или нивно уништување на кој било начин и
- смоларење.

(2) Без дозвола на сопственикот, односно корисникот на шуми, забрането е:

- подигнување на привремени објекти, шатори и организирање на кампови,
- организација на масовни собири кои можат да предизвикаат штета на шумите,
- поставување на кошници за пчели,
- собирање на други шумски производи (печурки, плодови, лековити растенија, полжави и друго) во количини поголеми од 1 килограм,
- поставување на информативни табли и ознаки,
- поставување на огради,
- движење на моторни возила надвор од патиштата, освен за службени потреби,
- движење во затворени и забранети подрачја, патишта, опитни површини и деловни објекти и
- движење на површини на кои се изведуваат шумски работи и други деловни активности (пошумување, сеча, изградба на објекти, лов и друго).

Копачење на шуми и трајна пренамена на шумско земјиште

Член 14

(1) По исклучок од одредбите на членот 13 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон, копачење на шуми и трајна пренамена на шумско земјиште може да се врши:

1) кога тоа е утврдено со посебните планови и програми за стопанисување со шумите;

2) заради спроведување на документи за просторно и урбанистичко планирање и тоа Просторен план на Република Македонија, просторен план за регион и просторен план за подрачје од посебен интерес за Република Македонија согласно со закон;

3) заради изградба на објекти за заштита на луѓе и материјални добра од елементарни непогоди и одбрана на земјата;

4) во постапка на комасација и арондација на шуми и шумско земјиште;

5) за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон и

6) за вршење на работи од јавен интерес утврден со закон.

(2) При зафаќање на шуми и шумско земјиште субјектите кои ги градат објектите од ставот (1) точки 5 и 6 на овој член се должни да прибават согласност за трајна пренамена на шуми и шумско земјиште од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) До започнување на вршење на планираните активности за изградба на објекти од ставот (1) точки 5 и 6 на овој член, со шумите и шумското земјиште за кои е дадено согласност за трајна пренамена, стопанисува дотогашниот корисник на шумата и шумското земјиште согласно со овој закон.

(4) Трајна пренамена на шуми и шумско земјиште за вршење на работите од ставот (1) точки 5 и 6 на овој член може да се врши:

- на голини во шума и
- на неочувани нискостеблени шуми, деградирани шуми и шикари.

Постапка за трајна пренамена

Член 14-а

(1) За изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон и за вршење на работи од јавен интерес утврден со закон, инвеститорот е должен да поднесе барање за добивање на согласност за трајна пренамена на шума и шумско земјиште од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Кон барањето за добивање на согласност за трајна пренамена на шума и шумско земјиште од ставот (1) на овој член, инвеститорот поднесува:

- документ дека инвеститорот е регистриран согласно со одредбите од Законот за трговски друштва при Централниот регистар на Република Македонија,
- планска програма со вклучено решение за услови за планирање на просторот изработена согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање,
- список на индикации за катастарските парцели и вкупна површина на шуми и шумско земјиште во планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности,
- геодетски елаборат со нумерички податоци изработен од овластен геодет, кога со планскиот опфат се зафаќаат шуми и шумско земјиште кое влегува како дел од катастарска парцела и
- документ за платен надоместок за трајна пренамена на шума и шумско земјиште од инвеститорот кој го издава Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ или другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по службена должност ќе обезбеди документ дека инвеститорот е регистриран согласно со одредбите од Законот за трговски друштва при Централниот регистар на Република Македонија.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по барањето од ставот (1) на овој член во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето донесува решение за трајна пренамена на шума и шумско земјиште.

Надоместок за трајна пренамена

Член 15

(1) За трајна пренамена на шуми и шумско земјиште од членот 14 став (1) точки 5 и 6 на овој закон се плаќа надоместок во висина од вредноста за пошумување на површината колку што изнесува површината на која е предвидена градба на објект, дрвната маса, изгубениот прираст и општокорисните функции.

(2) Без платен надоместок од ставот (1) на овој член не може да се издаде одобрение за градење.

(3) После завршувањето на вршењето на работите од јавен интерес инвеститорот е должен веднаш да му плати на корисникот на шумата надоместок за пошумување во обем за десет пати поголема површина од површината која била предмет на пренаменатa, во согласност со пропишаните стандарди и норми за пошумување, вклучувајќи ја и самата површина на која се изведувале работите од јавен интерес, а извршената работа да биде констатирана со записник од Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

Право на службеност на шумите и шумското земјиште

Член 16

Во шуми и на шумско земјиште во државна сопственост може да се стекне право на службеност при изградба на водоводи, канализации, гасоводи, електрични водови, експлоатација на минерални суровини, извршување на туристичка дејност, премин за одгледување на добиток, како и за премин за подигнување на повеќегодишни насади на необраснато шумско земјиште и земјиште обраснато со деградирана шума во приватна сопственост.

Размена на шуми и шумско земјиште

Член 17

(1) Заради окрупнување на комплексите, државна шума и шумско земјиште може да се размени за приватна шума и шумско земјиште.

(2) Државната шума и шумското земјиште се разменува доколку е издвоена од шумскиот комплекс и се наоѓа како енклава во приватни шуми и шумско земјиште или се граничи со повеќе страни со приватни шуми и шумско земјиште.

(3) Приватната шума и шумското земјиште се разменува доколку се наоѓа како енклава во државна шума и шумско земјиште или се граничи со повеќе страни со државна шума и шумско земјиште.

(4) Размената на шуми и шумско земјиште од ставовите (2) и (3) на овој член може да се направи доколку се исполнети следниве услови:

- површините кои се предмет на размена се наоѓаат во иста катастарска општина и се со иста или приближно иста големина и

- шумата која е предмет на размена е со ист или приближно ист квалитет.

(5) Постапката за размени на шума и шумско земјиште ја спроведува органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по барање на заинтересирано лице или по службена должност.

(6) На предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, одлуката за размени на шума и шумско земјиште од ставовите (2) и (3) на овој член донесува Владата на Република Македонија по претходно мислење на Државното правобранителство на Република Македонија.

(7) Трошоците на постапката за размена шума и шумско земјиште од ставовите (2) и (3) на овој член се на терет на предлагачот на размената.

(8) Договорот за размени на шума и шумско земјиште во име на Република Македонија го потпишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Уредување на начин и надоместок на копачење на шумите

Член 18

(1) За копачење на шумите на корисникот му се плаќа надоместок во висина од вредноста за пошумување на површината колку што изнесува површината на која е извршено копачењето, дрвната маса, изгубениот прираст и општокорисните функции.

(2) За копачење на шуми и шумско земјиште се плаќа надоместок во висина на вредноста на утврдената штета согласно со членот 60 од овој закон.

Заштита на загрозени и ретки видови на дрвја

Член 19

(1) Забранета е сеча на стебла, уништување на подмладок, собирање на семе од заштитени, загрозени и ретки видови на шумски дрвја во шума настанати по природен пат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, по барање на корисникот или сопственикот на шумата, собирање на семе од заштитени, загрозени и ретки видови на шумски дрвја настанати по природен пат и нивна сеча може да се изврши во случаи кога заштитените, загрозените и ретките видови на шумски дрвја настанати по природен пат се суви или заболени, физиолошки зрели и постојат други причини поради кои им претстои непосредна опасност од сушење, заради изградба на објекти во функција на стопанисување со шумата и објекти од јавен интерес утврдени со закон, по претходно одобрение на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во соработка со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежна за работите од областа на заштита на животната средина и просторното планирање.

Утврдување на општокорисните функции на шумите

Член 20

Општокорисните функциите на шумите се утврдуваат со посебните планови за стопанисување со шумите.

Приоритети за општокорисни функции на шумите

Член 21

(1) Со шуми над кои се утврдени приоритети за општокорисните функции се стопанисува согласно со овој закон и други прописи.

(2) Плановите од членот 28 на овој закон, со кои се утврдени приоритетите за општокорисните функции за шумите, ги содржат мерките кои мора да се преземат за стопанисувањето со тие шуми.

(3) Во плановите и програмите со кои се опфатени шумите за кои се утврдени приоритети за општокорисните функции се вршат соодветни измени и дополнувања во согласност со членот 34 од овој закон и се на терет на предлагачот.

(4) Средствата за спроведување на мерките од ставовите (2) и (3) на овој член и надоместокот, доколку со тие мерки се ограничува правото на користење на шумите и се зголемуваат трошоците за стопанисување, ги обезбедува лицето по чие барање се утврдени приоритетите за општокорисни функции на шумите.

(5) Со шумата за која се утврдени приоритетите за општокорисни функции стопанисува корисникот, односно сопственикот кој стопанисувал со таа шума до утврдување на приоритетните функции.

(6) Доколку не се обезбедат средства од ставот (4) на овој член корисникот, односно сопственикот на шумата не е должен да ги спроведува мерките утврдени со членот 34 од овој закон.

Обврски за санирање на обесшумени површини

Член 22

(1) Сопствениците и корисниците на шуми се должни да извршат пошумување на пожаришта, површини на кои не успеале природната обнова и пошумувањето, како и на површини на кои е извршено пустошење -бесправна чиста сеча, копачење на шуми или бесправна сеча на ретки видови дрвја, во рок кој не може да биде подолг од две години, сметано од денот на настанување на обесшумувањето.

(2) Доколку сопствениците и корисниците од ставот (1) на овој член не се во можност да ги спроведат мерките од ставот (1) на овој член, овие мерки ќе ги спроведе органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството или правното лице кое тој ќе го овласти на терет на сопственикот и корисникот на шумата.

III. ПЛАНИРАЊЕ

Стратегија за одржлив развој на шумарството

Член 23

(1) Националната шумарска политика во Република Македонија се остварува преку Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија.

(2) Стратегијата за одржлив развој на шумарството е плански документ што го уредува проширувањето на квалитетот и заштитата на шумскиот фонд согласно со Просторниот план на Република Македонија, мултифункционално стопанисување со шумите и одржлив развој на шумарството, зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во квалитетот на животот во руралните области, зголемување на јавните и социјалните функции на шумите и шумарството преку заедничка стратегија за развој, со севкупна валоризација на нејзините општокорисни функции и социјални функции и зголемување на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите.

(3) Стратегијата за одржлив развој на шумарството ја донесува Владата за период од 20 години.

Општ план за стопанисување со шумите во Република Македонија

Член 24

(1) Поделбата/разграничувањето на шумите по намена, производни и заштитни, се утврдува врз основа на општиот план.

(2) Во општиот планот за стопанисување со шумите во Република Македонија се прикажува и анализира состојбата на шумскиот фонд (шумите), се одредуваат функциите на шумите, се одредува намената на шумите, се дефинира функционалната, просторната и еколошката целина, главните цели на развојот, целите и мерките за унапредување на шумите, одржување и унапредување на општокорисните функции на шумите и заштитата на шумите, одредување на методите/начините на стопанисување со шумите, како и одгледувачките и уредувачките мерки.

(3) Со општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија особено се утврдуваат природните услови и можности за опстанок, обнова и развој на шумите, состојбите на шумите по вид, очуваност, дрвна маса, прираст, отвореност, загрозеност од негативни влијанија, општите насоки и цели на идното стопанисување и мерките за одгледување, заштита, развој, унапредување и проширување на шумскиот фонд во Република Македонија.

(4) Општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија има важност од 20 години и го донесува Собранието на Република Македонија.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството го изготвува општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија и го доставува до Владата на усвојување, а Владата го доставува до Собранието на Република Македонија за донесување.

(6) Општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија се изработува во две фази и тоа нацрт и предлог.

(7) Владата донесува одлука за ставање на нацртот на општиот план за стопанисување со шумите на јавен увид, која се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(8) Нацртот на општиот план за стопанисување со шумите се става на јавен увид најмалку 60 дена од денот на објавувањето на одлуката од ставот (7) на овој член.

(9) Стручната расправа по нацртот на општиот план за стопанисување со шумите ја организира органот надлежен за работите од областа на шумарството.

(10) Врз основа на мислењата дадени од стручната расправа по нацртот на општиот план за стопанисување со шумите се изготвува предлог на општиот план кој се доставува на усвојување до Владата на Република Македонија.

(11) Средствата за изработка и рецензија на општиот план за стопанисување со шумите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(12) Општиот план за стопанисување со шумите може да се изменува и дополнува во текот на неговата примена врз основа на научно-истражувачките сознанија, изменети природни услови и потреби и други поводи за унапредување на општиот план.

(13) Изменувањето и дополнувањето на општиот план за стопанисување со шумите, согласно со ставот (12) од овој член, го врши Собранието на Република Македонија на предлог на Владата.

Национална инвентаризација

Член 25

(1) За квалитетно планирање во шумарството ќе се спроведе национална инвентаризација на шумските ресурси со која ќе се собираат податоци за состојбата на шумите, за потребите на шумарската политика и шумарската оперативa, екологијата, ловството, заштитата на околината, заштитата на природата, дрвопреработувачката индустрија, како и за потребите на државните и меѓународните организации.

(2) Податоците од спроведената национална инвентаризација органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ги собира, евидентира и води во единствена база на податоци.

(3) Содржината и начинот на спроведување на национална инвентаризација на шумските ресурси ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Национален совет

Член 26

(1) Заради следење на одржливо управување, планирање, стопанисување со шумите и чување на шумите и шумското земјиште на начин и во обем со кои трајно се одржува и унапредува нивната производна способност, биолошка разновидност, способност за обнова и виталност во интерес на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, се основа Национален совет за шумарство (во натамошниот текст: Советот) како советодавно тело на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Советот е составен од претседател и десет члена кои ги именува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по функција е претседател на Советот.

(4) Во Советот се именуваат членови согласно со следнава структура:

1) еден претставник од Секторот за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - дипломиран шумарски инженер - отсек шумарство со пет години работно искуство во шумарството;

2) еден претставник од Државниот инспекторат за шумарство и ловство - дипломиран шумарски инженер - отсек шумарство со пет години работно искуство во шумарството;

3) еден претставник од субјектот кој стопанисува со државните шуми - дипломиран шумарски инженер - отсек шумарство со пет години работно искуство во шумарството;

4) еден претставник од истакнати стручни и научни работници од областа на шумарството;

5) еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата;

6) еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на законодавството;

7) еден претставник од Заедницата на единиците на локалната самоуправа;

8) еден претставник од сопственици на приватни шуми;

9) еден претставник од Министерството за одбрана и

10) еден претставник од Дирекцијата за заштита и спасување.

(5) Членовите на Советот се именуваат за период од четири години и можат повторно да бидат именувани.

(6) Начинот на своето работење Советот го уредува со деловник.

(7) Средствата за вршење на работите на Советот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Шумскостопанска единица

Член 27

(1) Шумскостопанска единица претставува основна единици за планирање.

(2) Шумскостопанска единица е природна и стопанска целина утврдена според орографските и хидрографските карактеристики, сообраќајниците и други природни и економски услови за управување и стопанисување со шумите и шумската инфраструктура.

(3) Шумскостопанската единица е составена од оддели и пододделі.

(4) Шумскостопанската единица опфаќа шуми на еден сопственик или корисник со површина од 100 до 10.000 ха.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член шумскостопанска единица може да се формира и од шуми на повеќе сопственици и корисници, доколку тие заедно не поседуваат помалку од 100 ха шуми и шумско земјиште.

(6) Во исклучителни случаи површината на шумскостопанската единица може да изнесува и над 10.000 ха, ако истата не може да претставува посебна географска целина, но не повеќе од 15% од површината утврдена во ставот (4) од овој член.

Плански документи

Член 28

Планирањето на управувањето и стопанисувањето со шумите и шумското земјиште се остварува преку:

- посебни планови за стопанисување со шумите,
- програма за стопанисување со шумите и
- годишни планови за стопанисување со шумите.

Посебни планови за стопанисување со шумите

Член 29

(1) Стопанисувањето со шумите во шумскостопанските единици се врши во согласност со посебни планови за стопанисување со шумите (во натамошниот текст: посебни планови).

(2) Врз основа на општиот план за стопанисување со шумите корисникот донесува посебни планови за стопанисување со шумите за секоја шумскостопанска единица.

(3) Посебните планови се донесуваат за сите шуми освен за шумите во приватна сопственост чија површина е под 30 ха.

(4) Посебниот план ги разработува општите услови пропишани со општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија, ги анализира спроведените мерки на стопанисување, ги утврдува плановите за стопанисување по вид и обем на работите, времето и начинот на спроведување и ги утврдува вредностите на шумите. Составен дел на планот е деталниот попис на шумите и шумското земјиште во состав на шумскостопанската единица усогласен со катастарската евиденција.

(5) Корисникот на државните шуми донесува посебен план со важност од десет години, по претходна добиена согласност од органите на државната управа надлежни за работите од областа на шумарството и одбраната.

(6) Субјектите задолжени за управување со заштитените подрачја се должни во плановите за управување со заштитените подрачја, во делот кој се однесува за шумските екосистеми да ги вградат елементите од содржината на посебниот план за стопанисување со шумите утврден согласно со прописите од ставот (11) на овој член.

(7) Сопствениците на приватни шуми кои поседуваат шума со површина над 30 ха или ќе се здружат на ниво на една или повеќе катастарски општини, донесуваат посебен план со важност од десет години.

(8) Сопствениците на приватни шуми за кои нема изработено посебен план или програма за стопанисување со шумите, што се со површина до 10 ха, стопанисуваат според критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост.

(9) Со критериумите за стопанисување со шумите во приватна сопственост се пропишува формата на одгледување; квалитетот на насадите; претходно извршени работи, обемот и видот на сечата; видот и роковите за извршување на работите за одржување и унапредување на шумите; лицата кои можат да ги извршуваат работите; роковите за нивно извршување, како и начинот на евиденција во посебен образец - евиденциски картон за приватни шуми за секоја катастарска парцела посебно.

(10) Средствата за изработка и рецензија на посебните планови за стопанисување со шумите ги обезбедува сопственикот, односно корисникот на шумата.

(11) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството донесува поблизок пропис за:

- содржината на посебните планови за стопанисување со шумите со стопанска намена и заштитна намена, како и начинот на нивната изработка, донесување и одобрување,

- содржината на посебните планови за одгледување и заштита на шумите во заштитените подрачја, начинот на нивната изработка, донесување и одобрување,

- содржината на посебниот план за стопанисување со шумите во приватна сопственост над 30 ха, начинот на нивната изработка, донесување и одобрување и

- критериумите за стопанисување со шумите во приватна сопственост за кои не се изработува посебен план или програма како формата и содржината на евиденцискиот картон за приватни шуми за секоја катастарската парцела посебно.

Програма за стопанисување со шумите

Член 30

(1) Со семенски плантажи, ветрозаштини појаси на површина поголема од два ари, шумски култури и плантажи со површина поголема од два ари кои не се опфатени во шумскостопанска единица, како и за приватни шуми од 10 до 30 ха се стопанисува врз основа на програма за стопанисување со шуми (во натамошниот текст: програмата), а за приватни шуми за кои нема изработено програма се стопанисува според критериуми за стопанисување со шуми во приватна сопственост.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ќе донесе поблизок пропис за содржината на програмата од ставот (1) на овој член.

(3) Програмата ја донесува корисникот на шумата од ставот (1) на овој член со важност од десет години.

(4) На програмата од ставот (1) на овој член согласност дава органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(5) Средствата за изработка и одобрување на програмата од ставот (1) на овој член ги обезбедува сопственикот, односно корисникот на шумата.

Годишен план за стопанисување со шуми

Член 31

(1) Годишниот план за стопанисување со шуми го донесува корисникот до 1 декември од тековната за наредната година.

(2) Годишниот план за стопанисување со шуми е во согласност со посебните планови за стопанисување со шумите.

(3) Годишниот план за стопанисување со шуми го одобрува органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(4) Годишниот план за стопанисување со шуми ги дефинира обемот и динамиката на работите на заштита, одгледување и користење на шумите и средствата за извршување на тие работи. Составен дел на годишниот план за стопанисување со шуми е изведбениот план.

(5) Содржината на годишниот план за стопанисување со шуми може да се измени само поради елементарни непогоди и други непредвидени околности и тоа по иста процедура како што е донесен.

(6) Годишниот план за стопанисување со шуми содржи планови за заштита на шумите, одгледување, расадничко производство, користење на други шумски производи, користење на шумски отпад/ отпад после сеча, користење и изградба на инфраструктурни објекти во функција на стопанисување со шумите, како и планиран обем на средства за извршување на овој план.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ја пропишува содржината на годишниот план за стопанисување со шуми.

Изведбен план

Член 32

(1) Изведбениот план за стопанисување со шуми се изработува само за шуми за кои е донесен посебен план за стопанисување.

(2) Изведбениот план за стопанисување со шумите детално ги разработува плановите за одгледување, заштита и користење на шумите, како и технолошката постапка, условите, начинот и рокот за извршување на овие работи.

(3) Изведбениот план за стопанисување со шумите се изработува на ниво на оддел утврден со посебниот план обележан на терен.

(4) Изведбениот план за стопанисување со шумите се донесува најдоцна до 31 октомври во тековната за наредната година.

Изработка на посебните планови и програми за стопанисување со шумите

Член 33

Изработка на посебните планови и програми за стопанисување со шумите во државна сопственост е обврска на корисникот на шумите, а за приватните шуми на сопствениците на шумите.

Изменување и дополнување на плановите и програмите

Член 34

(1) Ако во текот на спроведување на плановите или програмите се утврдат битни недостатоци или се променат состојбите врз кои се засновани, корисникот на шумата е должен да престане со работа во шума и ќе се изврши изменување и дополнување на плановите и програмите во рок од шест месеца од утврдувањето на битните недостатоци, односно изменетите околности.

(2) Постапката за изменување и дополнување може да покрене органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, сопственикот или корисникот на шуми.

(3) Во случај кога постапката за изменување и дополнување ја покренува субјект кој не е наведен во ставот (2) на овој член, средствата за изменување и дополнување ги обезбедува субјектот кој ја покренува постапката.

Важност на плановите

Член 35

(1) Плановите и програмите за стопанисување со шумите мора да бидат поднесени на одобрување најдоцна до истекот на важноста на периодот за кои претходно се одобрени.

(2) На планот и програмата се дава согласност најдоцна во рок од една година од истекот на периодот за кој е донесен планот, односно програмата.

(3) Во периодот од истекот на времето за кое е донесен претходниот план, односно програма до донесувањето на новиот план, односно програма со шумата се стопанисува согласно со претходниот план, односно програма.

(4) Во периодот од ставот (3) на овој член обемот на работите на одгледување и заштита на шумите не може да биде помал, а обемот на сеча на шума не може да биде поголем од просекот на овие работи предвидени со плановите, односно програмите донесени за претходниот период.

(5) Работите од ставот (4) на овој член не можат да се извршуваат доколку нема согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(6) По истекувањето на периодот од ставот (2) на овој член, доколку не се добие согласност на планот, односно програмата, не може да се врши сеча на шума.

Чување на планските документи

Член 36

(1) Планските документи од членовите 23, 24 и 28 алинеи 1 и 2 на овој закон се чуваат трајно.

(2) Годишните и изведбените планови се чуваат десет години.

(3) Планските документи од членовите 23, 24 и 28 алинеи 1 и 2 на овој закон се чуваат во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(4) Годишните и изведбените планови се чуваат кај сопственикот, односно корисникот и кај органот на државната управа надлежна за работите од областа на шумарството.

Спроведување на планските документи

Член 37

(1) Сопствениците и корисниците на шумите се должни да ги спроведуваат целите, мерките, активностите и одредбите предвидени со Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, општиот план за стопанисување со шумите, посебните планови и програми за стопанисување на шумите во рок и на начин утврден со истите.

(2) Спроведувањето на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија и општиот план за стопанисување со шумите се обезбедува со изработка и спроведување на посебните планови и програми за стопанисување со шумите.

(3) Спроведувањето на посебните планови и програми за стопанисување со шумите се обезбедува со годишниот план за стопанисување со шумите и изведбениот план.

(4) Извршениот обем на планирани работи со посебните планови, во шумите треба да биде по вид и обем сразмерен на обемот на извршена сеча во претходната година утврден со планот.

(5) Планираните работи и мерки во делот на заштитата на шумите се задолжителни и треба да бидат извршени во целост.

Учество на јавноста

Член 38

(1) Носителите на планирањето се должни во постапката за изработка на стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија и општиот план за стопанисување со шумите да обезбедат учество на заинтересираните страни и пошироката јавност.

(2) Во постапката за добивање на согласност на планските документи од ставот (1) на овој член се врши јавен увид и се одржува јавна расправа во време кое не може да биде пократко од 60 дена од денот на објавувањето на јавниот увид.

Евидентирање на работите

Член 39

(1) Извршените работи на одгледување, заштита и користење на шумите без оглед на сопственоста и намената мораат да се евидентираат во посебните планови и програми најдоцна до 1 март во тековната за претходната година.

(2) Покрај евиденцијата во посебните планови и програми за извршените работи од ставот (1) на овој член, субјектите кои стопанисуваат со шумите без оглед на сопственоста и намената, се должни да водат и месечен извештај во посебни образци (сеча, дотур и превоз), во електронска и пишана форма во кои се книжат приемници за сеча, приемници за дотур и испратници за секој оддел/ пододдел од шумскостопанска единица, односно за секоја катастарска парцела посебно.

(3) Месечните извештаи се со трајна вредност и се приложуваат кон посебните планови и програми, односно се наоѓаат кај сопственикот и субјектите од членот 97 од овој закон.

(4) Формата, содржината и начинот на пополнување на месечните извештаи, приемниците за сеча и приемниците за дотур од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Достапност на податоците од планските документи

Член 40

(1) Податоците од планските документи се достапни за целокупната заинтересирана јавност.

(2) За издавање и користење на податоците од ставот (1) на овој член се наплатува надоместок.

(3) Податоците од ставот (1) на овој член на барање на државните органи се издаваат без надоместок.

(4) Податоците од посебните планови за стопанисување со шумите можат да се користат со надоместок кој ја пропишува сопственикот, односно корисникот. Податоците од програмите кои се однесуваат на поединечни сопственици на парцели, сопствениците ги добиваат без надоместок.

(5) Постапката, начинот на користење на податоци и висината на надоместокот за нивното користење ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(6) Не се достапни податоците со кои располага органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството за посебни планови за стопанисување, одгледување и заштита на шумите или нивни делови за кои не е дадена согласност за нивна целосна или делумна реализација од страна на Министерството за одбрана.

III-а. ПЛАНИРАЊЕ ПОРАДИ ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ ОД ПОЖАРИ

Национален план за управување со пожарите на отворен простор

Член 40-а

(1) Со цел да се постигне безбедно, ефективно и координирано управување со пожарите на отворен простор, како и спроведување на заеднички стандарди и оперативни постапки на сите учесници во постапката за управување со заштитата од пожари, Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството донесува национален план за управување со пожарите на отворен простор за период од десет години.

(2) Национален план за управување со пожарите на отворен простор се ревидира пет години по неговото донесување.

Содржина на националниот план за управување со пожари на отворен простор

Член 40-б

Националниот план за управување со пожарите на отворен простор (во натамошниот текст: национален план) особено ги содржи следниве елементи:

1) историјат и актуелна состојба со пожарите на отворен простор;

2) планирање на управувањето со пожари и ресурси;

3) мерки за едукација и подигнување на јавната свест за заштита од пожари;

4) превенција на пожари;

5) степен на опасност од пожари и систем за рано предупредување;

6) подготвителни мерки за заштита од пожари;

7) активности пред сезоната на пожари;

8) рано откривање, дојава и првичен одговор;

9) почетен напад, локализирање и гаснење на пожарот;

10) управување со горливиот материјал;

11) управување со опожарената површина и

12) субјекти вклучени во реализација на националниот план и активности кои треба да се преземаат.

Национален комитет

Член 40-в

(1) Заради спроведувањето на националниот план, Владата на Република Македонија формира Национален комитет (во натамошниот текст: Комитетот) кој ги врши следниве работи:

1) изготвува предлози и мислења за поефективна координација на субјектите кои учествуваат во управувањето со пожарите на отворен простор заради поцелисходно користење и обезбедување на средства за конструктивна заедничка работа;

2) предлага насоки за стандардизиран пристап при изготвување и спроведување на тренинг програми, квалификации, други оперативни функции и примена на стандардизирана опрема за пожари;

3) предлага ставови и мислења по однос на економичноста, ефикасноста и квалитетот во сите активности од областа на управувањето со пожари и практикување на концепт на тотална мобилност, употреба на најблиски сили и заеднички ресурси без географски ограничувања;

4) предлага насоки за спроведување на активности за подигање на јавната свест за заштита од пожари и друга превенција и

5) предлага мерки за унапредување на системот за утврдување на степен на опасности од пожар и рано предупредување и подготвителни мерки.

(2) За членови на Комитетот може да се номинираат лица од редовите на раководни државни службеници, односно лица на раководна позиција во субјектите од ставот (5) на овој член и да имаат овластувања да ги предлагаат, преговараат и утврдуваат мерките согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Комитетот е составен од претседател, заменик претседател и 17 члена и се номинираат за временски период од четири години.

(4) Раководниот државен службеник номиниран од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството е претседател на Комитетот.

(5) Во Комитетот се номинираат членови од следниве субјекти:

1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

2) Министерството за животна средина и просторно планирање;

3) Министерството за локална самоуправа;

4) Министерството за внатрешни работи;

5) Министерството за одбрана;

6) Дирекцијата за заштита и спасување;

7) Центарот за управување со кризи;

8) Јавното претпријатие „Македонски шуми“ - Скопје;

9) Јавното претпријатие за пасишта;

10) Управата за хидрометеоролошки работи;

11) ЈПУЗПП Јасен - Скопје;

12) ЈП Паркови и зеленило - Скопје;

13) Националното здружение на сопственици на приватни шуми;

14) територијалните противпожарни единици при единиците на локалната самоуправа;

15) субјектните задолжени за управување со националните паркови и други заштитени подрачја;

16) Противпожарниот сојуз на Македонија;

17) Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Шумарски факултет во Скопје и

18) Црвениот крст на Република Македонија.

(6) Комитетот начинот на своето работење го уредува со деловник.

Работни групи

Член 40-г

(1) Комитетот за вршење на работите од членот 40-в од овој закон формира работни групи за следниве области:

1) обука и квалификации за преземање на мерките за гаснење на пожари;

2) степен на опасности од пожар и рано предупредување;

3) подигнување на јавна свест за заштита од пожари;

4) координација на активностите за употреба на воздухоплови;

5) стандардизација при заштитата од пожари;

6) стандардни оперативни процедури;

7) координација во организацијата при гаснење на пожари и

8) наука и истражување.

(2) Членовите на работните групи треба да бидат квалификувани стручни лица за соодветната област што ја покриваат субјектите од членот 40-в став (5) од овој закон, вклучувајќи и претставници од други правни лица и експерти кои не се вклучени во работните групи, доколку е потребно заради обезбедување на стручност и ефикасност во работењето на Комитетот.

(3) Административно-техничките работи за потребите на Комитетот и работните групи ги вршат вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Инструкциите, протоколите, плановите, материјалите за обука и насоките од областа на управувањето со пожари, работните групи ги доставуваат до Комитетот за нивно разгледување.

(5) Комитетот за документите од ставот (4) на овој член ја информира Владата на Република Македонија со предлози и решенија по истите.

Средства за работа

Член 40-д

Средствата за вршење на работите на Комитетот се обезбедуваат во рамките на Програмата за проширена репродукција на шумите од членот 96 од овој закон.

IV. СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ

1. Одгледување на шумите

Стопанисување со објекти за производство на семе

Член 41

Стопанисувањето со објекти за производство на семе се врши на начин со кој се обезбедува максимално производство на квалитетно шумско семе и овозможува полесно берење, односно собирање на семето.

Сеча на стебла за производство на шумско семе

Член 42

(1) Сеча на стебла и насади кои се признати како основен материјал за производство на шумско семе, може да се врши заради спроведување на мерки на нега за постигнување на оптимални структури за производство на шумско семе.

(2) Оштетени или заболени стебла се отстрануваат кога на истите им претстои непосредно сушење или претставуваат легло на зараза од растителни болести и штетници.

Извршување на одгледувачки работи

Член 43

Субјектите што вршат одгледување на шумите, особено ги вршат следниве работи:

- го прилагодуваат начинот на одгледување според условите на средината, биолошките особености, видовите на дрвја и состојбата на тие шуми,
- го следат семеносењето, го потпомагаат природното обновување на шумите со шумско-одгледувачки и други мерки и вршат вештачко пошумување каде што природното обновување не успеало,
- пошумуваат необновени по природен пат сечишта, пожаришта, оголени и други деградирани површини од природни и зооантропогени влијанија при што им дава предност на дрвни видови од локална провениенција,
- спроведуваат мерки на нега,
- ги штитат деградираните шуми и шикарите од натамошна деградација и вршат реконструкција и мелиорација на истите,
- ги збогатуваат шумите со високоприносни и квалитетни видови дрвја и
- преведуваат нискостеблени во високостеблести шуми, во зависност од месторастењето и биолошките особини на дрвјата.

Обем на извршување на работите

Член 44

(1) Работите на одгледување на шумите предвидени со плановите и програмите, се извршуваат секоја година, по обем и квалитет сразмерно на искористениот сечив етат во претходната година, но не помалку од 50% од предвидените.

(2) Работите од ставот (1) на овој член што како обврска од извршените сечи во годината произлегуваат од една шумскостопанска единица, можат да се предвидат и извршат и во друга шумскостопанска единица.

Рок на извршување на работите

Член 45

(1) Субјектите што вршат одгледување со шумите се должни во рок од две години од денот на настанатата промена да извршат пошумување на површините на кои не успеало обновувањето на шумата, на површините на кои е извршено бесправно копачење, бесправна сеча, сеча со поголем интензитет од предвидениот и на пожаришта, врз основа на изменување и дополнување на посебниот план.

(2) Површините кои се опожарени или оштетени од природни непогоди, чија вкупна површина не е поголема од 50 ха во границите на една шумскостопанска единица ќе се пошумат врз основа на изменување и дополнување на посебниот план, а ако површината изнесува над 50 ха ќе се пошумуваат во предвидениот рок од ставот (1) на овој член со средства од програмата за проширена репордукција на шумите, врз основа на изменување и дополнување на посебниот план.

Изградба на објекти

Член 46

(1) Во шума не можат да се градат објекти и да се изведуваат други работи, освен оние кои се во функција на унапредување на шумите и дивечот, во согласност со планските документи во шумарството и ловството, како и објекти од јавен интерес утврдени со закон и објекти наменети за потребите на одбраната.

(2) При изготвување на техничката документација за изградба на објекти од јавен интерес, инвеститорот е должен да поднесе барање за добивање на согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството согласноста од ставот (2) на овој член ја издава во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(4) За изградба на објекти во шума, на корисникот му се плаќа надоместок во висина од вредноста за пошумување на површината колку што изнесува површината на која е предвидена градба на објект, дрвната маса, изгубениот прираст и општокорисните функции.

(5) За утврдувањето на штетите настанати со градба на објекти во шума се плаќа надоместок во висина на вредноста на утврдената штета согласно со членот 60 од овој закон.

2. Заштита на шумите

Заштита на шумите и обврските на корисниците и сопствениците на шумите

Член 47

(1) Заштитата на шумите и шумското земјиште опфаќа мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се спроведе заштита од биотски, абиотски и други фактори кои можат да предизвикаат штетни последици во шумата.

(2) Корисниците и сопствениците на шумите се должни во соработка со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството да го следат влијанието на биотските и абиотските

фактори по здравствената состојба на шумите и по нивно барање навремено да преземат мерки за заштита на шумите и шумското земјиште, согласно со ставот (1) на овој член.

Извршување на работите за заштита на шумите

Член 48

(1) Во вршењето на работите за заштита на шумите сопствениците, односно корисниците на шумата се должни:

- навремено да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, односно овластеното лице кој ја извршува стручносоветодавната работа во приватната шума за секоја нова и невообичаена појава која може да предизвика штета во шумата и
- да постапуваат по барање на извештајно-дијагностичката служба.

(2) Сопствениците на приватни шуми спроведуваат мерки на заштита во соработка со овластените лица кои ги извршуваат стручно-советодавните услуги во приватните шуми.

(3) Доколку сопствениците и корисниците на шума не ги спроведуваат мерките од ставот (1) алинеја 2 на овој член, шумарскиот инспектор ќе наложи нивно спроведување на трошок на сопственикот, односно корисникот на шумата.

Извештајно дијагнозно-прогнозна служба

Член 49

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството обезбедува спроведување на извештајно дијагнозно-прогнозни работи за заштита на шумите.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството води евиденција, востановува и одржува постојана база на податоци за движењето на растителните болести и штетници усогласен и поврзан во единствен информационен систем.

(3) Работите на Извештајно дијагнозно-прогнозната служба, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството може да ги додели на јавна установа од областа на шумарството, врз основа на договор.

(4) Начинот на вршење на работите на Извештајно дијагнозно-прогнозната служба го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Мерки за одгледување и заштита на шумите

Член 50

(1) Субјектите што стопанисуваат со шумите и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена, како и сопствениците на шуми се должни да преземаат мерки за заштита на шумите од пожари, елементарни непогоди, растителни болести, штетни инсекти, бесправно напасување и други оштетувања.

(2) Мерките од ставот (1) на овој член се однесуваат и за шуми за кои не е донесен посебен план за стопанисување.

(3) Субјектите што стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми се должни да ја следат здравствената состојба на шумите, да преземаат превентивни мерки против појава на растителни болести,

штетни инсекти и други штетници и да вршат сузбивање кога тие ќе се појават.

Белези и знаци

Член 51

Забрането е уништување на белези и знаци во шума и сеча на стебла на кои се поставени знаците.

Напасување и желадење

Член 52

(1) Забрането е напасување на добиток и желадење во шума.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член на определени површини може да се врши напасување на добиток, освен на кози и тоа во шуми во кои не се вршат, односно не се извршени мелиоративни мерки, во кои не е во тек природна или вештачка обнова и подмладување, кои не се издвоени за семенски насади, како и на необраснато шумско земјиште.

(3) Напасување на добиток и желадење во шума може да се врши само под контрола на чувар на добитокот и со одобрение на субјектите кои стопанисуваат со шумите.

(4) Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми се должни во шумата во која е забрането напасување, да определат делови од шумата низ кои ќе биде дозволен премин на добитокот до местото за пасење, односно до поилата за вода.

(5) Субјектите кои стопанисуваат со шумите имаат право на надоместок за напасување.

(6) Условите под кои може да се врши испаша (време на испаша, вид на стока, број на грла, висина на надоместок за напасување, определување на премини за добитокот и слично) ги утврдуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите.

Одгледување на дивеч

Член 53

Во шума може да се одгледува дивеч под услови и во број кој не го доведува во прашање одгледувањето и обновувањето на шумата.

Одгледување на пчелни семејства

Член 53-а

(1) Во шума во државна сопственост може да се поставуваат пчелни семејства под услови со кои не се доведува во прашање стопанисувањето и управувањето на шумите.

(2) По барање на сопственик на пчелни семејства, одобрение за поставување на пчелни семејства во шума во државна сопственост го издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по претходно мислење од корисникот или управувачот на шумата.

(3) По завршувањето на периодот на поставување на пчелни семејства, сопственикот на истите е должен површината која ја користел да ја врати во првобитна состојба.

(4) Местото на поставување, начинот на поставување, формата и содржината на барањето, како и формата и содржината на одобрението за поставување на пчелни семејства во шума ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Палење на отворен оган

Член 54

(1) Забрането е палење на отворен оган во шума и на земјиште во непосредна близина на шумата, на растојание најмалку од 200 метри од работ на шумата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член може да се пали отворен оган под услови и на места што ќе ги определи и обележи субјектот што стопанисува со шумата.

(3) Местата на кои е дозволено палење на отворен оган мора да бидат видно обележани и внесени во планот за заштита на шумите од пожар.

Подигнување на варници и жежници

Член 55

(1) Забрането е подигнување на варници, жежници за дрвен јаглен и слични објекти што претставуваат опасност за појава на пожар, на растојание помало од 200 метри од работ на шумата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член подигање на жежници за производство на дрвен јаглен може да се врши во шума со одобрение од Дирекцијата за заштита и спасување, а по претходно добиено мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи.

(3) Местата наменети за подигнување на жежници за производство на дрвен јаглен мора да бидат обележани од страна на субјектот кој ја користи жежницата и истиот мора да ги спроведе сите пропишани мерки на претпазливост пропишани од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување.

Правење на просеки и набљудувачници

Член 56

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми, во зависност од степенот на загрозеност на шумата се должни да преземаат посебни мерки за заштита од пожари (правење просеки во шума, подигање на појаси од лисјарски видови дрвја во иглолисни шуми, поставување набљудувачници, организирање на набљудувачка, известувачка, противпожарна служба и слично).

(2) Правните и физичките лица кои преку вршење на својата дејност предизвикуваат шумски пожари се должни да ја надоместат штетата на субјектите кои стопанисуваат со шумите, како и сопствениците на шуми.

(3) Посебните мерки за заштита на шумите од пожари ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во согласност со раководниот работник кој раководи со Дирекцијата за заштита и спасување, во соработка со единицата на локалната самоуправа.

Движење во шума

Член 57

(1) Граѓаните имаат слободен пристап во шумите заради уживање, одмор и рекреација, на сопствена одговорност за својата безбедност и обврска за ненанесување на штета на шумата.

(2) Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми, слободниот пристап можат да го ограничат во заштитени делови на шума или делови на шума во кои е загрозена безбедноста на луѓето.

(3) Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми во согласност со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, можат целосно или делумно да забранат движење во шумата или во одделни нејзини делови во период кога постои зголемена опасност од шумски пожари или од работи кои се изведуваат во шума.

(4) Забраната од ставот (3) на овој член се објавува во средствата за јавно информирање.

Шумски ред

Член 58

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми се должни својата работа во шума да ја организираат во време и на начин со кој ќе се овозможи воведување и одржување на шумски ред.

(2) Доколку се поремети шумскиот ред, субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми се должни во најкраток можен рок и на пропишан начин да воведат и одржат шумски ред.

(3) Начинот на воведување и одржување на шумски ред го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Депонирање на отпад

Член 59

(1) Забрането е депонирање на отпад во шумите.

(2) Под отпад од ставот (1) на овој член влегуваат сите категории на отпад класифицирани/категоризирани според Законот за управување со отпад.

(3) Под загадување на шумите и шумското земјиште се подразбира и загадување со прашина и штетни материи од копови на минерални суровини, емисии од штетни материи на индустриски капацитети, рафинерии, топилници, хемиски капацитети и капацитети коишто преработуваат и третират опасни супстанции и материи, кисели дождови, загадување со загадени води и други видови и форми на загадување со што се загрозува здравјето и виталноста на растителниот и животинскиот свет во шумите и на шумските земјишта, се намалува прирастот на живиот свет, како и продуктивноста на почвата и врши загадување на почвата и водата во шумските екосистеми.

(4) Субјектите кои стопанисуваат со шумите и шумско земјиште и сопствениците на шуми и шумско земјиште се должни да ги почитуваат нормите и да ги спречат дејствијата за загадување на шумите, како и да извршат отстранување на отпадот и другите штетни

материи од шумата со право на целосен надоместок на трошоците од страна на лицето кое го извршило одлагањето на отпадот и другите материи.

(5) Правните и физичките лица кои вршат загадување согласно со ставот (3) од овој член се должни да ги надоместат настанатите штети.

Надоместок за причинети штети

Член 60

(1) За штети причинети во шума се плаќа надоместок според ценовник за штети во шума што го донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Средствата од надоместот од ставот (1) на овој член за приватна шума се приход на сопственикот на шумата, а за државна шума се приход на субјектите кои стопанисуваат со шумите.

(3) Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни средствата од надоместокот за причинети штети посебно да ги евидентираат и да ги користат за проста репродукција на шумите.

3. Користење на шумите

Користење на шумите

Член 61

(1) Користењето на шумите се врши според намената и на начин кој обезбедува:

- трајно зачувување и зголемување на вредноста на шумите,
- зголемување на нивниот прираст и принос и
- зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции.

(2) Користење може да се врши само на оние шуми за кои е донесен посебен план или програма.

Ознака за сеча и евиденција

Член 62

(1) Сеча во шума се врши само по претходно извршена ознака за сеча со втиснување на јасно видлив шумски жиг - означувач (во натамошниот текст: шумски жиг).

(2) Под ознака за сеча во смисла на ставот (1) на овој член се подразбира:

1) одбирање и означување на стебла за сеча и евидентирање на дрвната маса при стеблимична и групимично пребирна сеча и

2) обележување на површината и евидентирање на дрвната маса при површинска - чиста сеча.

(3) Стеблимична сеча е сеча на одбрани поединечни стебла.

(4) Групимично пребирна сеча е сеча на одбрани групи стебла.

(5) Површинска - чиста сеча е сеча на сите стебла на површината од одделот/пододделот, односно катастарската парцела.

(6) Ознаката за сеча се врши согласно со предвидената сеча утврдена во посебните планови и програми.

(7) Ознаката за сеча во шуми за кои нема изработено посебен план или програма за стопанисување со шумите се врши според критериумите од членот 29 став (9) од овој закон.

(8) Ознака при стеблимична и групимично пребирна сеча се врши до 30 септември во тековната за наредната година и тоа во обем од најмногу 80% од предвидената дрвна маса за сеча. Остатокот од дрвната маса дополнително се означува по извршената сеча според претходната ознака. При дополнителната ознака се означуваат и се евидентираат првично сите неозначени стебла кои се оштетени при сечата.

(9) Извршената ознака за сеча и направената шумска штета се евидентираат во книги, и тоа: Книга за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во државна сопственост, Книга за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во приватна сопственост и Книга за евиденција на направена шумска штета во шума во државна сопственост.

(10) Видот на ознаката за сеча, видот на шумскиот жиг за ознака за сеча, начинот на вршење на ознаката за сеча, формата и содржината на Книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во државна сопственост, Книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во приватна сопственост и Книгата за евиденција на направена шумска штета во шума во државна сопственост ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Вршење на ознака за сеча

Член 63

(1) Ознака за сеча (стеблимична и групимично пребирна) во државна шума ја извршува стручно лице, со високо образование дипломиран шумарски инженер - насока шумарство, вработени во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја, кое има работно искуство од најмалку две години од областа на стопанисување со шумите.

(2) Ознака за површинска - чиста сеча и ознака на ретки видови на дрвја и на поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума во државна сопственост извршува стручно лице со високо образование дипломиран шумарски инженер - насока шумарство, со или без работно искуство во областа на стопанисување со шумите, или стручно лице со средна стручна подготовка шумарски техничар - насока шумарство, со најмалку една година работно искуство од областа на стопанисување со шумите, вработени во јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

(3) Ознака за сеча (стеблимична, групимично пребирна и површинска-чиста сеча), како и ознака на ретки видови на дрвја, на поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума во приватна сопственост, вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

(4) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" за шумите со стопанска намена и приватните шуми, другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја за шумите во заштитените подрачја и приватните шуми и наставно-научните установи од шумарска струка изработуваат шумски жиг за ознака за сеча и шумски жиг за жигосување на дрво и дрвни сортименти, како и правните лица кои вршат увоз и продажба на дрво и дрвни сортименти изработуваат шумски жиг за жигосување на увезеното дрво и истите ги доставуваат на увид и заверка во органот

на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството. Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" за шумите со стопанска намена и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја за шумите во заштитените подрачја за обележување на дрвната маса од настаната шумска штета изработуваат шумски жиг и истото го доставуваат на увид и заверка во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(5) За вршење на ознака за сеча согласно со ставовите (1) и (2) на овој член средства обезбедува корисникот на шумата, а за вршење на ознака за сеча согласно со ставот (3) на овој член средства обезбедува сопственикот на шумата.

(6) За заверените шумски жигови за ознака за сеча, шумски жигови за жигосување на дрво и дрвни сортименти и шумски жигови за жигосување на увезено дрво од ставот (4) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството води евиденција во Регистар на заверени шумски жигови за ознака за сеча и шумски жигови за жигосување на дрво и дрвни сортименти.

(7) Формата и содржината на регистарот на заверени шумски жигови за ознака за сеча, шумски жигови за жигосување на дрво и дрвни сортименти, шумски жигови за жигосување на увезено дрво и шумски жигови за обележување на дрвна маса од настаната шумска штета како и начинот на неговото водење го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Известување за извршената ознака за сеча

Член 64

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите без оглед на сопственоста и намената и сопствениците на приватни шуми кои имаат донесено посебни планови или програми, односно поседуваат шума над 30 ха, за извршената ознака за сеча од членот 62 од овој закон се должни да го известат шумарскиот инспектор во рок од 15 дена од денот на завршувањето на извршената ознака за сеча.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член за извршената ознака за сеча согласно со членот 62 став (7) од овој закон, не се известува шумарскиот инспектор.

(3) Не може да се врши сечата од ставот (1) на овој член, ако ознаката за сеча не е извршена на целата површина од одделот/ пододделот и ако не е извршен преглед на ознаката за сеча од овластен шумарски инспектор.

Утврдување на сечив етатот

Член 65

(1) Сечивиот етат се утврдува според посебните планови и програми.

(2) Забрането е пречекорување на сечивиот етат во шумскостопанската единица, како и на етатот во пододделот утврден за десет години со посебниот план или програма.

(3) Одредбите од ставот (2) на овој член не се однесуваат на чиста сеча при нискостеблесто стопанисување, како и на сеча во деградирани шуми, шикари и шибјаци, ако тие се предвидени за мелиорација.

Вршење на шумскокултурни работи за активности на сеча и дотур

Член 65-а

Шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур за шумите со стопанска намена во државна сопственост го вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" преку редовно и сезонско вработени лица и други правни субјекти кои поседуваат лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур кои ги ангажира Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и други субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја преку јавна набавка за вршење на услуги од шумскокултурните работи за активности на сеча и дотур.

Лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур

Член 65-б

(1) Шумскокултурните работи за активностите на сеча и дотур во шумите со стопанска намена во државна сопственост може да ги врши правно лице кое поседува лиценца за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур.

(2) Лиценца за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур ја издава органот на државната управа надлежен за работи од областа на шумарството.

(3) Правното лице за да добие лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур треба да ги исполнува следните услови:

- да е регистрирано во трговскиот регистар при Централен регистар на Република Македонија за вршење на шумскокултурни работи од областа на шумарството,

- да има вработено најмалку едно стручно лице од областа на шумарството дипломиран шумарски инженер – насока шумарство, со или без работно искуство или лице со завршена средна стручна спрема од шумарска струка – шумарски техничар, техничар за шумарство и пејзажна архитектура или специјалист за шумарски работи со минимум две години работно искуство од областа на стопанисување со шумите,

- да не е правосилно осудуван за кривично дело безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на шумскокултурни работи на активност сеча и дотур,

- потврда за платени даноци издадено од Управата за јавни приходи на Република Македонија,

- Извештај од биланс на состојба и податоци од биланс на успех издадено од Централен регистар на Република Македонија и

- да поседува минимални технички средства и човечки ресурси за извршување на шумскокултурни работи за активноста на сеча и дотур.

(4) Минимални-технички средства и човечки ресурси кои треба да ги исполнува правното лице за извршување шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по службена должност ќе ги обезбеди потребните документи од надлежните државни институции.

(6) Државниот инспекторат за шумарство и ловство, Управата за јавни приходи и Пазарниот инспекторат ќе вршат вонтеренска контрола со вкрстување на податоците од нарачателот и извршителот

на шумскокултурните работите за активностите на сеча и дотур.

Начин на издавање на лиценца

Член 65-в

(1) Лиценца за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур во шумите со стопанска намена во државна сопственост се издава врз основа на поднесено барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член правното лице поднесува:

- документ дека има вработено најмалку едно стручно лице од областа на шумарството дипломиран шумарски инженер-насока шумарство, со или без работно искуство или лице со завршена средна стручна спрема од шумарска струка-шумарски техничар, техничар за шумарство и пејсажна архитектура или специјалист за шумарски работи со минимум две години работно искуство од областа на стопанисување со шумите,

- да поседува минимални технички средства и човечки ресурси за извршување на шумско културни работи за активноста на сеча и дотур кои ги докажува со соодветен документ и

- потврда за платен надоместок за барањето за лиценца,

- документ дека е регистриран во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија за изведување стручни работи од областа на шумарството,

- документ дека не е правосилно осуден за кривично дело безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на шумскокултурни работи за активностите сеча и дотур,

- потврда за платени даноци издадена од Управата за јавни приходи на Република Македонија и

- извештај од биланс на состојба и податоци од биланс на успех издедено од Централен регистар на Република Македонија.

(3) Доказите за исполнување на условите од ставот (2) алинеи 4, 5, 6 и 7 на овој член ги прибавува овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на шумарството кое ја води постапката за издавање на лиценцата за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур, кое е должно во рок од три дена од приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(4) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (2) алинеи 4, 5, 6 и 7 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(5) Постапката за издавање на лиценци од членот 65-а од овој закон ја спроведува Комисија за издавање на лиценци (во натамошниот текст: Комисијата) која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(6) Комисијата се состои од пет члена.

(7) Членовите на Комисијата се докажани шумарски стручњаци во одделни области во шумарската практика со најмалку пет години практично работно искуство и најмалку високо образование од областа на шумарството-шумарска насока, од редот на вработените во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(8) По доставеното барање и приложените документи Комисијата ја проверува комплетноста на барањето и доставената документација и во рок од 30 дена од денот на доставувањето изготвува предлог и

решение за издавање на лиценца за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур, односно предлог и решение за одбивање на барањето за издавање на лиценца за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур.

(9) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Издавање и одземање на лиценца

Член 65-г

(1) Врз основа на предлогот на Комисијата, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството донесува решение за издавање на лиценца за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур, односно решение врз основа на кое барањето се одбива.

(2) Против решението со кое се одбива барањето за издавање на лиценца за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) За добивање на лиценцата од членот 65-а на овој закон правните лица плаќаат надоместок во висина на реално направените трошоци потребни за издавање на лиценцата.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(5) Лиценците од членот 65-а на овој закон не смеат да се пренесуваат на друго правно лице.

(6) Лиценцата за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур е со важност од пет години.

(7) Правното лице кој има лиценца за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур е должно за секоја промена на седиштето или дејноста да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во рок од 30 дена од денот на настанатата промена.

(8) Лиценцата за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур се одзема доколку се утврди дека правното лице:

- се откаже од правото на вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур,
- трајно ја загуби способноста за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур,
- биде лишен од деловна способност за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур,
- правосилно е осуден за кривично дело безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или ако му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур и
- за секоја настаната промена на седиштето и дејноста не достави известување.

(9) Правното лице на кое му е одземена лиценцата за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур нема право во рок од пет години да поднесе барање за издавање на нова лиценца.

(10) За издадените и одземените лиценци за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, води Регистар на

лиценци за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур.

(11) Формата, содржината образецот на лиценцата, формата и содржината на барањето и начинот на водење на регистарот за издадени лиценци за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Сеча во државна шума од страна на физички лица за сопствени потреби

Член 66

(1) Забрането е вршење на сеча во државна шума од страна на физички лица.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член е дозволена сеча во државна нискостеблена шума само за физички лица кои се со постојано место на живеење во руралните подрачја заради обезбедување на сопствени потреби.

(3) Забрането е препродажба на дрво и дрвни сортименти од ставот (2) на овој член.

(4) Сечата во државна шума заради обезбедување на сопствени потреби се врши по претходно поднесено барање од физичкото лице до Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

(5) За извршената сеча од ставот (2) на овој член физичките лица плаќаат надоместок врз основа на издадена дозвола за сеча, согласно со важечкиот ценовник на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

(6) За исечената дрвна маса од ставот (2) на овој член Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја се должни да водат Регистар на податоци за евиденција на исечена дрвна маса во државна нискостеблена шума од страна на физички лица за сопствени потреби.

(7) Евиденцијата на исечената дрвна маса во државна нискостеблена шума од страна на физички лица за сопствени потреби се води во електронска и хартиена форма, со користење на матичниот број на купувачот.

(8) Податоците од евиденцијата за исечената дрвна маса во државна нискостеблена шума од страна на физички лица за сопствени потреби, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја се должни да доставуваат извештаи еднаш месечно до Државниот инспекторат за шумарство и ловство и органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, најкасно до петти во тековниот за претходниот месец.

(9) Податоците за евиденција од ставот (7) на овој член, се чуваат 10 години од денот на нивното внесување во евиденцијата.

(10) Пристап до податоците од образецот за евиденција имаат, Органот на државна управа надлежен за работите од областа на шумарството, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, Шумската полиција, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи и други државни органи согласно закон.

(11) Жигосување на дрвната маса посечена од страна на физички лица од ставот (2) на овој член, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја, ќе го вршат со шумски жиг –

означувач различен по форма, содржина, и боја од шумскиот жиг кој се користи за жигосување на дрвните сортименти кои потекнуваат од државни шуми, а се наменети за продажба од регистрирани складови.

(12) Испратницата за исечената дрвна маса за физички лица жители на рурални подрачја, се издава за секое превозно, односно преносно средство на местото на утовар и важи за денот и часот за кој е издадена и неможе да се отстапува на друго лице.

(13) Количината на дрвната маса за сеча во државна шума од страна на физички лица за задоволување на сопствени потреби не смее да надминува повеќе од 10 метри кубни за една календарска година.

(14) Начинот на обезбедување на сопствени потреби со огревно дрво на физички лица од државна шума, формата и содржината на шумскиот жиг-означувач за жигосување на дрвната маса посечена од страна на физички лица и бојата која ќе се користи при втиснување на шумскиот жиг, како и формата и содржината на Регистарот на податоци за евиденција на исечена дрвна маса во државна нискостеблена шума од страна на физички лица за сопствени потреби и начинот на водење на евиденцијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Одобрение за сеча во шуми во приватна сопственост

Член 67

(1) Сеча во шума во приватна сопственост се врши со одобрение за сеча.

(2) Одобрение за сеча во шума во приватна сопственост издаваат лицата од членот 97 став (1) на овој закон, по барање на сопственикот на шумата.

(3) За издадените одобренија за сеча лицата од ставот (2) на овој член се должни да доставуваат извештај еднаш месечно до Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

(4) Одобрение за сеча во приватна шума која е сопственост на повеќе сосопственици, може да се издаде само врз основа на заедничко барање од сите сосопственици.

(5) Поединец кој е сосопственик на шума во смисла на ставот (4) од овој член може да добие одобрение за сеча само со согласност од другите сосопственици.

(6) Со одобрението од ставот (2) на овој член се утврдуваат дрвната маса за сеча и мерките за обновување, одгледување и заштита на шумите, како и рокот за нивно извршување.

(7) Средства за извршување на мерките од ставот (6) на овој член се обезбедуваат од сопственикот на шумата и Буџетот на Република Македонија.

(8) Одобрението за сеча издадено на име на сопственикот на шумата не може да се отстапува на друго лице.

(9) Жалба против актот за издавање на одобрение за сеча, сопственикот на шумата може да поднесе до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(10) За извршената ознака за сеча во шума во приватна сопственост лицата од членот 97 став (1) од овој закон се должни да водат евиденција согласно со членот 62 став (9) од овој закон.

(11) Видот на сеча и содржината на образците за барање за сеча, одобрение за сеча и евиденција на сечата за површини помали од 100 ха кои се во приватна сопственост, како и формата и содржината на

образецот за сеча, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Услови за неиздавање на одобрение за сеча

Член 68

Одобрение за сеча во приватна шума не може да се издаде, ако:

- лицето не поседува доказ за право на сопственост на шумата,
- не е извршена промена на културата во катастарската евиденција,
- видно и трајно не се обележани границите на шумата за која се однесува барањето за сеча од страна на трговци поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи и
- не се извршени предвидените мерки во одобрението за сеча од претходната година.

Жигосување, прием, класирање и издавање на испратници

Член 69

(1) Исеченото дрво во шума како и надвор од шума (освен дрво од овошни стебла на земјоделско земјиште), без оглед во чија сопственост е, мора да е жигосано со втиснување на јасно видлив шумски жиг и снабдено со испратница за исечено дрво и дрвни сортименти кога се превезува од местото на утовар или пренесува од место до место, која се издава во електронска и хартиена форма.

(2) Жигосувањето, приемот и класирањето на исеченото дрво и дрвни сортименти во шума во државна сопственост го врши стручно лице со високо образование дипломиран шумарски инженер – насока шумарство со две години работно искуство од областа на стопанисување со шумите или лице со завршена средна стручна спрема од шумарска струка – шумарски техничар, техничар за шумарство и пејсажна архитектура или специјалист за шумарски работи со минимум пет години работно искуство од областа на стопанисување со шумите во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

(3) Производи од дрво (дрвен јаглен, рачки, прачки, колци, дрвен чипс, пелети, брикети и друго) не можат да се пренесуваат или превезуваат, ако не се снабдени со испратница на местото на утовар.

(4) Испратницата од ставот (1) на овој член за шумите во приватна сопственост ја издаваат лицата од членот 97 став (1) на овој закон и се издава за секое превозно, односно преносно средство на местото на утовар и важи за денот и часот за кој е издадена и не може да се отстапува на друго лице.

(5) Испратниците за исечено дрво и дрвни сортименти се издаваат на следниот начин:

- испратниците за исечено дрво во шума во државна сопственост за превоз од место на утовар до склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја, испратниците за продажба на исеченото дрво од склад во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја до крајните потрошувачи, испратниците за продажба на исеченото дрво од склад во сопственост на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти, регистрирани во

Регистарот на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти во органот органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, до крајните потрошувачи, испратниците за превоз на дрво и дрвни сортименти исечено во државна нискостеблена шума од страна на физички лица кои се со постојано место на живеење во руралните подрачја заради обезбедување на сопствени потреби до местото на живеење и испратниците шумски отпад/отпад после сеча ги издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството и

- испратниците за исечено дрво во шума во приватна сопственост, на лицата од член 97 став (1) ги издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(6) Правните лица кои врши промет на дрво и дрвни сортименти во складовите во нивна сопственост како и пиланите должни се за дрвото и дрвните сортименти да имаат испратници од правните субјекти од каде потекнуваат дрвото и дрвните сортименти.

(7) За издадените и заверени испратници од став (5) алинеја 1 и 2 на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството води евиденција во регистар на издадени и заверени испратници.

(8) Испратницата од ставот (1) на овој член при превезувањето, односно пренесувањето на дрвото превозникот, односно преносникот е должен да ја носи со себе.

(9) Жигосување и издавање на испратница се врши само за дрво исечено според одредбите на овој закон.

(10) Исеченото дрво ако се превезува или пренесува без испратница и не е жигосано се смета за бесправно исечено во шума.

(11) Складирано дрво и производи од дрво кое не се жигосани и немаат испратница согласно со ставовите (1), (3), (4) и (5) од овој член се смета за бесправно исечено во шума.

(12) За издадените испратници, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја и складовите во сопственост на правни лица плаќаат надоместок во висина од стварно направените трошоци потребни за нивно издавање.

(13) Видот и начинот на жигосување, видот на шумскиот жиг за жигосување за исечено дрво и дрвни сортименти, начинот на издавање на испратница, пуштање во промет на исечено дрво, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници, формата и содржината на испратниците, формата и содржината на барањето за издавање на испратница и висината на надоместокот за издадени испратница ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Електронски систем за следење на дрвната маса

Член 69-а

(1) За надзор и контрола на движење на дрвната маса од: ознака за сеча; фаза сеча; фаза дотур; фаза превоз од шума до склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја; од склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја до склад на правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти; и од склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја и правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти до крајниот купувач; како и од шума или склад од

Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја и правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти до пилана се воведува електронски систем за следење на дрвната маса. Електронскиот систем за следење на дрвната маса се воспоставува и води во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми”, а останатите субјекти ќе бидат корисници на овој систем.

(2) Минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), функционалноста на софтверот за електронскиот систем за надзор и контрола на движење на дрвната маса од ознака за сеча, фаза сеча, фаза дотур и фаза превоз од шума до склад и од склад до крајниот купувач, како и од шума или склад до пилана, начинот на воведување, користење, одржување и надградба ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Откуп, преработка и промет на дрво и дрвни сортименти

Член 70

(1) Забранет е откуп, преработка и промет на дрво и дрвни сортименти кои не се жигосани и снабдени со испратница.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член може да се врши откуп, преработка и промет на шумски отпад/отпад после сеча по претходно доставена и одобрена Програма за обработка на шумски отпад/отпад после сеча од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) Програмата од ставот (2) на овој член особено ги содржи следниве елементи: шумскостопанска единица, предвидени активности со посебниот план за стопанисување со шумите, локација, дрвен вид, дрвна маса, количина, технолошка постапка и начин и рокови за извршување на сите предвидени работи.

(4) Програмата од ставот (2) на овој член мора да биде усогласена со посебниот план за стопанисување со шумите, состојбата на шумата на терен и количините на шумски отпад/отпад после сеча која е предмет на обработка, по количина и квалитет.

(5) Програмата од ставот (2) на овој член се изработува за оддел/ пододдел, односно за повеќе оддели во границите на една шумскостопанска единица.

(6) Програмата од ставот (2) на овој член ја изготвува корисникот, односно сопственикот на шумата најдоцна до 31 декември во тековната за наредната година и се доставува на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(7) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја се должни прометот на дрво и дрвни сортименти да го вршат преку времени шумски складови и постојни регистрирани складови во урбана/населена средина.

(8) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми“ и субјектите кои управуваат со заштитените подрачја, прометот на дрво и дрвни сортименти на времени шумски складови во рамките на шумскостопанските единици ќе го вршат на големо со јавна и транспарентна постапка, а на постојаните складови во урбана/населена средина ќе вршат промет на големо и мало.

(9) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми“ и субјектите кои управуваат со заштитените подрачја можат да склучат долгорочни договори (на 10 и повеќе години) за снабдување со суровина со субјектите кои ќе произведуваат енергија од обновливи извори (зелена енергија).

(10) Дрвната маса за суровина за зелена енергија предмет на долгорочните договори треба да биде од дрво за хемиска преработка, отпад после сеча, како и натрули и трули стебла, пенушки, корења, гранки, прозуктна дрвната маса од прореди на вештачки подигнати насади, врвни делови од четинари и друга дрвна маса од која не можат да се произведат стандарни сортименти.

(11) Дрвото и дрвните сортименти на времените шумски складови и складовите мора да бидат издвоени по дрвни видови, дрвни сортименти (техничко или огревно дрво) и наредени во фигури по класи и квалитет на сортиментите.

(12) Класирањето на дрвото и дрвните сортименти на складовите (времени и постојани) ги врши стручни лица од областа на шумарството – дипломиран шумарски инженер од насока шумарство со работно искуство од најмалку две години.

(13) По исклучок од ставот (7) на овој член, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја можат да вршат продажба на дрво и дрвни сортименти на корен и собирање на шумски отпад/отпад после сеча со издадено решение од Државниот инспекторат за шумарство и ловство при вонредни сечи на опожарени површини, површини зафатени со ветроломи, ветроизвали, снеголоми и снегоизвали, прореди на култури, прочистување на траси на проектирани шумски патишта, осветлување на шумски патишта, противпожарни просеки, прочистување на граничен појас, прочистување на траси за изградба на далеководи, чистење на пренаменети површини за користење (експлоатација) на минерални суровини, чистење на шумската вегетација во акумулациониот простор од хидроенергетските системи, како и за собирање на шумски отпад/ отпад после сеча од делови од стабла кои остануваат во шумата по редовни или вонредни сечи, суви стебла настанати како резултат на влијанието на биотски, абиотски и антропогени фактори, како и да можат да вршат продажба на дрво на корен и на правни лица доколку дрвната резерва на зрелите насади предвидени за сеча е под 50 м3/ха (неочувани нискостеблени насади).

(14) Забрането е да се врши преработка на дрво и дрвни сортименти во постројки за механичка преработка на дрвото, ако дрвото не е жигосано и снабдено со испратница на начин утврден согласно со овој закон.

(15) Сопственикот на постројката за механичка преработка на дрвото и дрвните сортименти е должен дрвото и дрвните сортименти по приемот да ги евидентира во посебна Книга за водење на евиденција на дрвото и дрвните сортименти примени за преработка во постројката за механичка преработка на дрвото.

(16) Формата и содржината на програмата за обработка за шумски отпад/отпад после сеча и Книгата за водење на евиденција на дрвото и дрвните сортименти примени на преработка во постројки за механичка преработка на дрвото ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Промет на дрво и дрвни сортименти

Член 70-а

(1) Промет на дрво и дрвни сортименти може да врши правно лице кое е:

- регистрирано согласно со одредбите од Законот за трговски друштва и исполнува минимално технички услови за вршење на трговија на големо и мало,

- да има вработено најмалку едно стручно лице од областа на шумарството-дипломиран шумарски инженер насока шумарство со или без работно искуство или лице со завршена средна стручна спрема од шумарска струка-шумарски техничар, техничар за шумарство и пејсажна архитектура или специјалист за шумарски работи со минимум две години работно искуство од областа на стопанисување со шумите,

- да е во урбана/населена средина со пристапен пат согласно со урбанистичката планска документација,

- приклучок на електрична, водоводна и канализациска мрежа (потврда од соодветните институции),

- да има административен простор со минимална површина од 10 м2,

- да има простор за складирање на дрво и дрвни сортименти со минимална површина од 1.000 м2 и

- да е регистрирано во Регистарот на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти кој се води во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Правното лице може да биде регистрирано за промет на дрво и дрвни сортименти, по претходно доставено барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството преку Државениот инспекторат за шумарство и ловство, на правното лице од ставот (2) на овој член му врши проверка на поднесената документација од ставот (7) на овој член со фактичката состојба на лице место и ја констатира со записник кој го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(4) Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се води Регистар на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти.

(5) По исклучок на ставот (1) на овој член, промет на дрво и дрвни сортименти може да вршат и правни и физички лица кои се сопственици на приватна шума.

(6) Субјектите од ставот (5) на овој член не се евидентираат во Регистар на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти, но се должни за секој извршен промет на дрво и дрвни сортименти да достават известување до Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

(7) Кон барањето од ставот (2) на овој член, правното лице поднесува:

- доказ дека правното лице е регистрирано согласно со одредбите од Законот за трговски друштва и исполнува минимално технички услови за вршење на трговија на големо и мало,

- документ дека има вработено најмалку едно стручно лице од областа на шумарствотодипломиран шумарски инженер насока шумарство со или без работно искуство или лице со завршена средна стручна спрема од шумарска струка-шумарски техничар, техничар за шумарство и пејсажна архитектура или специјалист за шумарски работи со минимум две години работно искуство од областа на стопанисување со шумите,

- документ дека е во урбана/населена средина со пристапен пат согласно со урбанистичката-планска документација,

- документ дека има приклучок на електрична, водоводна и канализациска мрежа (потврда од соодветните институции),

- документ дека има административен простор со минимална површина од 10м2.,

- простор за складирање на дрво и дрвни сортименти со минимална површина од 1.000м2.

(8) Доказите за исполнување на условите од ставот (7) алинеја 1 на овој член ги прибавува овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на шумарството кое ја води постапката за издавање на Решение за вршење на промет на дрво и дрвни сортименти, кое е должно во рок од три дена од приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(9) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (7) алинеја 1 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(10) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето донесува решение за вршење на промет на дрво и дрвни сортименти односно решение за одбивање на барањето.

(11) Против решението од ставот (10) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постака и постапка од работен однос во втор степен.

(12) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член, формата и содржината на известувањето од ставот (6) на овој член како и формата, содржината и начинот на водење на Регистар на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Извоз на дрво

Член 71

(1) Извозот на техничко, огревно дрво и целулозно дрво може да се изврши само со одобрение кое го издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството и ако истото е жигосано, снабдено со испратница и потврдено со записник за количината и класата од државен инспектор за шумарство.

(2) Одобрение за извоз се издава по претходно барање на правни и физички лица кои се регистрирани за вршење на оваа дејност.

(3) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за издавање на решение за одобрување за извоз на техничко огревно дрво и целулозно дрво донесува решение, со кое одлучува по барањето за издавање на решение за одобрување за извоз на техничко огревно дрво и целулозно дрво.

(4) Доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение за одобрување за извоз на техничко огревно дрво и целулозно дрво, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, за донесување на решение по поднесеното барање.

(5) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Кон барањето за донесување на решението за одобрување за извоз на техничко огревно дрво и целулозно дрво подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (3) на овој член.

(7) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (4) на овој член до писарницата на Министерството за

земјоделство, шумарство и водостопанство да донесе решение со кое барањето за издавање на решение за одобрување за извоз на техничко огревно дрво и целулозно дрво е уважено или одбиено. Доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството.

(8) Доколку министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(9) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

(10) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(11) Доколку министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (10) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето.

(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (9) и (10) и/ или не поднесе пријава согласно со ставовите (11) и (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Во случајот од ставот (15) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(17) Во случаите од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето.

(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител, во рок од осум работни дена.

(19) Доколку министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не одлучи во рокот од ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(20) Постапката пред Управниот суд е итна.

(21) Подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(22) По донесувањето на подзаконскиот акт од истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството на земјоделство, шумарство и водостопанство.

(23) Формата и содржината на барањето и формата и содржината на одобрението и видот на производите од дрво за извоз ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Увоз на дрво и дрвни сортименти

Член 71-а

(1) Увозникот на дрвото и дрвните сортименти истите може да ги пушти во промет само на регистриран склад согласно член 70-а од овој закон.

(2) При влезот на дрвото и дрвните сортименти во Република Македонија на склад од увозникот, односно пред да се пушти во промет за истото се врши евиденција за влез во склад, жигосување со жиг за увезена дрвна маса, а за промет се издава испратница.

(3) Жигосувањето на увезеното дрво и дрвни сортименти го врши стручно лице во редовен работен однос кај правниот субјект кој врши увоз на дрво и дрвни сортименти со жиг кој го изработува правниот субјект и го регистрира во Регистарот на заверени жигови за увоз во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Користење на други шумски производи

Член 72

(1) Забрането е користење на други шумски производи кои се заштитени и строго заштитени.

(2) Користењето, односно собирањето на други шумски производи во шума и на шумско земјиште може да се врши само ако тоа е предвидено со посебниот план и годишните планови за стопанисување со шумите.

(3) Субјектите кои стопанисуваат со шумите можат врз основа на склучен договор, со надоместок да го отстапат користењето, односно собирањето на производите од ставот (2) на овој член на други правни

и физички лица за стопанска намена по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(4) Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да водат евиденција за бројот на издадените согласности и видот и количините на собраните производи од ставот (2) на овој член.

(5) Кога постои опасност од истребување на одделни растителни видови на одделни делови или на целата територија на Република Македонија, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во соработка со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и просторното планирање може привремено да го ограничи или забрани собирањето, односно користењето на тие шумски производи.

(6) Користењето, односно собирањето на други шумски производи во шума и на шумско земјиште се врши на начин со кој нема да дојде до истребување на одделни растителни видови или нема да се нанесе штета на шумата и на шумското земјиште.

(7) Видовите на други шумски производи и начинот на користење и собирање на други шумски производи ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Инфраструктура

Член 73

Шумската инфраструктура се планира, гради, одржува и користи на начин со кој не се:

- загрозуваат општокорисните функции на шумите,
- загрозува процесот на природната обнова на шумите,
- загрозуваат изворите на водите и водните текови,
- предизвикуваат ерозивни процеси,
- загрозува протекот на површински и подземни води,
- нарушува стабилноста на земјиштето,
- загрозуваат живеалиштата на дивите животни и растенијата и
- загрозуваат културно-историските наследства.

Шумски патишта, планирање и изградба

Член 74

(1) Планирани и изградени патишта во шума кои се наменети за превоз на шумски производи, се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите кои стопанисуваат со тие шуми.

(2) Оптималната отвореност на шумите со патишта се утврдува со општиот план и посебните планови. Планирањето и изградбата на шумските патишта детално се разработени во посебните планови и програми.

(3) Координација во планирањето, изградбата, одржувањето и кофинансирањето за изградба и одржување на патишта во функција за стопанисување со приватните шуми, како и стручен надзор за извршените работи, врши субјектот кој стопанисува со шумите и претставник на единицата на локалната самоуправа на чија територија се гради патот.

(4) Изградбата на шумски патишта ќе се врши врз основа на проектна документација.

(5) Формата и содржината на образецот за проектната документација ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Шумски патишта - одржување и користење

Член 75

(1) Шумските патишта се користат првенствено за потребите на субјектите кои стопанисуваат со шумите и потребите на локалната заедница.

(2) Корисниците на шуми се должни да ги одржуваат шумските патишта и да водат евиденција за нив.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член шумските патишта можат да ги користат и други правни и физички лица под услови кои ќе ги утврдат субјектите кои стопанисуваат со шумите, како и единицата на локалната самоуправа за патишта во приватни шуми за чија изградба учествувала во финансирањето.

(4) Доколку шумските патишта се користат за остварување на приход, корисниците се должни да плаќаат надоместок за користење на субјектот кој стопанисува со шумата, односно на сопственикот на шумата.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член шумските патишта можат да ги користат и други субјекти заради спасување, за работи на органите на државната управа за внатрешни работи, за потребите на одбрана на земјата, за спроведување на мерки за заштита од природни катастрофи, како и за одржување на јавната инфраструктура.

(6) Доколку на шумските патишта се извршуваат шумарски и други работи кои можат да ја загрозат сигурноста на одвивање на прометот, патот може да се затвори.

(7) Субјектот кој го затворил патот заради причини од ставот (6) на овој член е должен да го обележи попречувањето/затворањето со сообраќајни знаци.

Службеност

Член 76

(1) Сопственикот на шумското земјиште е должен да дозволи привремен премин, превоз, пренос, како и сместување на туѓи шумски производи на своето земјиште (службеност).

(2) Корисникот на службеноста е должен на сопственикот на шумското земјиште да му плати надоместок според прописите за експропријација.

V. КАТАСТАР И ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ

Катастар на шумите и шумското земјиште

Член 77

(1) Заради евиденција на шумите и шумското земјиште во органот надлежен за работите од областа на шумарството се востановува и води Катастар на шуми и шумско земјиште.

(2) Корисници и сопственици на шуми кои имаат обврска да носат посебни планови и програми се должни да извршат попис на шумите и шумското земјиште и за тоа да го известуваат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) Катастарот на шуми и шумско земјиште содржи:

- катастарски податоци за шуми и шумско земјиште,
- детални карти за опис на површините под шуми и
- идентификациски и регистарски броеви на сопствениците и субјектите кои стопанисуваат со шумите.

(4) На барање на органот надлежен за работите од областа на шумарството, а за потребите на водење на Катастарот на шуми и шумско земјиште, Агенцијата за катастар на недвижности е должна да достави картографски и табеларни податоци во печатена и електронска форма.

(5) Формата, содржината и начинот на водење на Катастарот на шуми и шумско земјиште ги пропишува министерот кој раковиди со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Информативен систем во шумарството

Член 78

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството воспоставува и управува со информативниот систем во шумарството. Со информативниот систем се обезбедуваат сите неопходни информации за состојбите и промените на шумскиот фонд за потребите за планирање, следење на состојбите и известување.

(2) Содржината, начинот на управување и користење на информативниот систем, пописот на шумите и шумското земјиште, начинот на водење на евиденција на извршените работи и известувањето за состојбите со шумите ги пропишува министерот кој раковиди со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

VI. МОНИТОРИНГ НА ШУМИТЕ

Мониторинг над шумските екосистеми

Член 79

(1) Поради спроведување на интензивен и траен мониторинг над шумските екосистеми, со оглед на штетата предизвикана од атмосферските влијанија и други природни непогоди кои влијаат на промената на состојбата на шумите и шумското земјиште, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството донесува програма на мерки и активности за собирање на податоци за оштетеноста на шумите и воспоставува регистар на оштетеноста на шумите.

(2) Програмата од ставот (1) на овој член се носи за период од две години.

(3) Програмата од ставот (1) на овој член ја изготвува и спроведува Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Шумарски факултет - Скопје.

(4) За изработка и спроведување на програмата од ставот (1) на овој член министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството склучува договор со

Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Шумарски факултет - Скопје.

(5) Начинот на собирање на податоци за оштетеноста на шумите, формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на оштетеноста на шумите, како и начинот на користење на податоците ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Мониторинг над шумските пожари

Член 80

(1) Поради подобрување на мониторингот над шумските пожари, превентива, фактори и причинители, вид и големина на пожарот, учесници во гаснењето и трошоци за гаснење, предизвиканите штети, во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ќе се воспостави и води Единствен информативен систем и регистар за шумските пожари.

(2) Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците за шумските пожари и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството собраните податоци од ставот (2) на овој член ќе ги достави на домашните и меѓународните тела и институции на нивно барање.

(4) Начинот на собирање на податоците, водењето на регистарот на шумските пожари и условите за користење на податоците ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

VII. ЧУВАЊЕ НА ШУМИТЕ И ШУМСКА ПОЛИЦИЈА

Член 80-а

Припадниците на органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи се овластени да:

1) вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво и други шумски производи, на сите места каде што се чува дрво и други шумски производи;

2) ги спречат и да ги легитимираат или да ги приведат лицата затечени во вршење на прекршоци казниви по овој закон, или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела и

3) вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело и истите ги предадат на шумската полиција.

Шумска полиција и Шумочуварска служба

Член 81

(1) Чувањето на шумите во државна и во приватна сопственост се врши двостепено и тоа контролно-патролно и реонско.

(2) Контролно-патролното чување го врши шумска полиција во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Реонското чување го врши шумочуварска служба во состав на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена.

(4) Контролно-патролното чување на шумите се врши од страна на шумскополициските станици кои ги определува органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството на цела територија на Република Македонија.

(5) Реонското чување се врши во шумочуварски реони кои ги определува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена.

(6) Средствата за финансирање на шумската полиција се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија."

(7) Средствата за финансирање на шумочуварската служба се обезбедуваат од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена.

(8) Одземеното бесправно посечено дрво и дрвни сортименти од страна шумската полиција со записник се предаваат во складовите на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми.

(9) Одземеното бесправно исечено дрво и дрвни сортименти од страна на шумската полиција Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" е должно веднаш да го подигне и да го транспортира до сопствениот склад.

Овластувања на шумочуварската служба

Член 81-а

(1) Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони особено се овластени да:

1) го чуваат шумочуварскиот реон од бесправни сечи и шумски кражби;

2) вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво, дрвни сортименти и други шумски производи во шумочуварскиот реон и на контролни рампи на шумските патишта во шумочуварскиот реон без оглед на сопственоста;

3) ги легитимираат сите лица затечени во шума, а против лицата затечени во вршење на бесправни активности казниви по овој закон поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Барање за поведување на прекршочна постапка се поднесува исклучиво на познат сторител;

4) ги обновува и чува граничните знаци од шумскостопанските единици, одделите и другите трајни белези во шумочуварскиот реон од уништување и бесправно користење, за што го известува правниот субјект кој стопанисува со шумите и шумското земјиште;

5) известуваат за појавени шумските пожари, растителните болести, шумските штетници, како и други непогоди во шумочуварскиот реон, за што ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите и шумското земјиште;

6) ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите за противправното присвојување на шуми и шумско земјиште во шумочуварскиот реон, а против прекршителите

поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган;

7) за кривични дела извршени на територијата на шумочуварскиот реон поднесува пријава до надлежен орган и

8) вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело во шумочуварскиот реон. За привремено одземените предмети и средства издава потврда за привремено одземени предмети и средства како и приемница за сеча за исеченото дрво и дрвни сортименти.

(2) Припадниците на шумочуварската служба за својата работа водат службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон.

(3) Правилата за вршење на работите на шумочуварската служба и формата и содржината на службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи.

Услови за работа на шумочуварската служба

Член 81-б

За вршење на работите од шумочуварската служба може да биде вработено лице кое покрај општите услови за основање на работен однос, треба да ги исполнува и следниве услови:

1) да е физички и психички способен за вршење на работите на шумочуварската служба;

2) да има најмалку средно образование од областа на шумарството – шумарски техничар, техничар за шумарство и пејсажна аритектура, специјалист за шумарски работи или минимум две години работно искуство како шумочувар во досегашната шумочуварска служба и

3) да е подобен за носење оружје согласно со прописите за поседување и носење оружје.

Употреба на оружје од страна на шумочуварската служба

Член 81-в

При извршување на овластувањата и должностите од членот 81 на овој закон припадниците на шумочуварската служба можат да употребат огнено оружје во случај да одбијат од себе непосреден напад со кој се загрозува нивниот живот.

Одговорност на шумочуварската служба

Член 81-г

Ако огненото оружје се употреби во границите на овластувањата, исклучена е одговорноста на припадникот на шумочуварската служба.

Униформа, оружје и легитимација на шумочуварската служба

Член 81-д

(1) Припадниците на шумочуварската служба носат службена униформа и легитимација и вооружени се со службено оружје согласно овој закон.

(2) Службената униформа, легитимацијата, видот на службеното вооружување што го носат припадниците на шумочуварската служба и начинот на користење на службеното оружје го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи.

Овластувања во шумската полиција

Член 82

(1) Припадниците на шумската полиција особено се овластени да:

- ја чуваат шумата,
- интервенираат,
- ги спречат и да ги легитимираат или да ги приведат лицата затечени во вршење на прекршоци казниви по овој закон, или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела,
- вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво и други шумски производи, на сите места каде што се чува дрво и други шумски производи,
- вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело и
- ја следат и известуваат за состојбата на шумите во врска со бесправните сечи и шумските кражби, шумските пожари, растителните болести, шумските штетници, како и други непогоди и да ги известуваат надлежните органи за противправното присвојување на шуми и шумско земјиште, а против прекршителите покренува постапка пред надлежен орган.

(2) Превозот на одземените предмети и средствата од ставот (1) алинеја 5 на овој член, ако за тоа е потребно, се врши со превозно средство на корисниците на шумата.

(3) На контрола на шумската полиција подлежат сите субјекти што стопанисуваат со шумите, други правни лица и граѓаните кои се должни на припадниците на шумската полиција да им овозможат извршување на нивните овластувања.

(4) Правилата за вршење на работите на шумската полиција ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи.

Организација

Член 82-а

Шумската полиција е организирана на Централна организациона единица, сместена во Скопје и 30 шумско-полициски станици низ целата територија на Република Македонија.

Статус, посебни должности и овластувања на работниците во шумската полиција

Член 82-б

(1) Шумската полиција работите од својата надлежност ги извршува преку шумски полицајци.

(2) Во шумската полиција вработените имаат статус на:

- овластени службени лица, согласно со овој закон и Законот за вработените во јавниот сектор и
- административни службеници, согласно со Законот за административните службеници.

Посебни должности и овластувања

Член 82-в

(1) Вработените во шумската полиција со статус на овластени службени лица имаат посебни должности и овластувања, утврдени со овој и друг закон, поради видот, сложеноста и тежината на работата, како и условите и начинот на нејзиното вршење.

(2) Вработените во шумската полиција со статус на административни службеници, применуваат овластувања и постапуваат под услови утврдени со овој закон, Законот за административните службеници и други прописи.

Службена легитимација и значка

Член 82-г

(1) На вработените во шумската полиција со статус на овластени службени лица, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството им издава службени легитимации и значки.

(2) Во случај на откажување на договорот за вработување, односно отстранување од работа, работникот е должен да ја врати легитимацијата.

(3) Доколку во случај на отстранување од работа не биде утврдена дисциплинска одговорност, работникот повторно се задолжува со легитимацијата.

(4) Формата и содржината на легитимациите и значките и начинот на нивно издавање ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на шумарството.

Внатрешна контрола

Член 82-д

(1) Контролата на вршењето на работите на шумската полиција се остварува како внатрешна контрола.

(2) Внатрешната контрола ја остварува посебна организациска единица за потребите на шумската полиција која спроведува постапки за оценување на законитоста на постапувањето на работник на шумската полиција.

(3) Заради заштита и остварување на своите права и кога смета дека со постапувањето на работникот во шумската полиција се повредени неговите слободи и права, граѓанинот има право да поднесе

претставка до министерството надлежно за работите од областа на шумарството.

(4) Министерството надлежно за работите од областа на шумарството е должно да изврши проверка на наводите во претставката од ставот (3) на овој член и во рок не подолг од 30 дена од приемот на претставката, во писмена форма да го извести подносителот за утврдената состојба и преземените мерки.

Класификација на работните места во шумската полиција

Член 82-ѓ

(1) Класификацијата на работните места на работниците во шумската полиција се врши согласно со:

- одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на

работното место и

- потребните стручни квалификации, работното искуство и други критериуми од значење за работното место.

(2) Согласно со критериумите од ставот (1) на овој член работните места на работниците во шумската полиција се класифицираат во две категории, и тоа:

- категорија А - раководни работници и
- категорија Б - стручни работници.

Нивоа на работни места од категоријата А – раководни

Член 82-е

(1) Во рамките на категоријата А раководни работници се утврдуваат четири нивоа на работни места:

- ниво А1 раководител на шумска полиција,
- ниво А2 помошник раководител на шумска полиција,
- ниво А3 командир и
- ниво А4 заменик командир.

(2) Раководниот работник од категоријата А за сите нивоа треба да ги исполни следниве услови за вработување:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да е физички и психички способен за вршење на работите на шумската полиција,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има ниво на квалификации VI А според Националната рамка на високообразовните квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование,
- да има најмалку пет години работно искуство,
- да познава компјутерски програми за канцелариско работење,
- да е соодветен за работното место што се докажува со потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет,
- да е подобен за носење оружје согласно со прописите за поседување и носење оружје,

- да има уверение за положен испит за шумски полицаец и
- други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Нивоа на работни места од категоријата Б – стручни

Член 82-ж

(1) Во рамките на категоријата Б стручни работници се утврдува едно ниво на работно место и тоа ниво Б1 патролни шумски полицајци.

(2) Стручниот работник од категоријата Б треба да ги исполни следниве услови за вработување:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да е физички и психички способен за вршење на работите на шумската полиција,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има ниво на квалификации V A или ниво на квалификации IV според Националната рамка на високообразовните квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку средно образование,
- со или без работно искуство,
- да е соодветен за работното место што се докажува со потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет,
- да е подобен за носење оружје согласно со прописите за поседување и носење оружје,
- да има уверение за положен испит за шумски полицаец и
- други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Прописи со кои се уредени правата и обврските од работен однос на работниците на шумската полиција

Член 82-з

Правата и обврските од работниот однос, работниците во шумската полиција ги остваруваат согласно со одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор, прописите за работните односи и Колективниот договор на министерството надлежно за работите од областа на шумарството.

Безбедносна проверка

Член 82-ѕ

(1) Министерството надлежно за работите од областа на шумарството во соработка со Министерството за внатрешни работи врши безбедносна проверка на лице пред засновање на работен однос во шумската полиција, заради утврдување на безбедносен ризик.

(2) Безбедносната проверка од ставот (1) на овој член се врши врз основа на претходна писмена согласност на лицето.

(3) За лицето кое ја одбива безбедносната проверка се смета дека не ги исполнува условите за засновање на работен однос во шумската полиција.

Засновање на работен однос

Член 82-и

(1) Работен однос во шумската полиција се заснова врз основа на јавен оглас.

(2) Јавниот оглас за засновање на работен однос во шумската полиција се објавува на интернет страницата на министерството надлежно за работите од областа на шумарството, како и во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Во јавниот оглас се назначува работното место и услови за вработување.

(4) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член не може да биде пократок од 15 дена, односно подолг од 20 дена од денот на неговото објавување во дневните печатени медиуми.

(5) Формата, содржината и начинот на пополнување на пријавата ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на шумарството.

Постапка за селекција за засновање на работен однос

Член 82-ј

(1) Постапката за селекција за засновање на работен однос во шумската полиција опфаќа три фази, и тоа:

- административна селекција;
- писмено тестирање (Закон за општата управна постапка, Закон за прекршоците, Закон за кривичната постапка, Закон за внатрешните работи, посебни постапки од областа на Законот за шумите и други области) и
- интервју.

(2) Начинот на спроведување на селекцијата на кандидатите за вработување го пропишува министерот надлежен за работите од областа на шумарството.

Комисија за селекција

Член 82-к

(1) За спроведување на процесот на селекција при засновање на работен однос во шумската полиција, министерот формира комисија за селекција.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од претседател, најмалку четири члена и нивни заменици.

Изјава

Член 82-л

(1) Лицата кои склучуваат договор за вработување на работни места согласно со овој закон, се должни при вработување во шумската полиција да потпишат изјава со следниов текст: "Се обврзувам дека во својата работа ќе ги почитувам Уставот и законите на Република Македонија и дека совесно и уредно ќе ги вршам работите на шумската полиција и ќе ги почитувам основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори".

(2) Потпишаната изјава од ставот (1) на овој член се чува во персоналното досие на работникот на шумската полиција.

(3) Ако работникот на шумската полиција одбие да ја потпише изјавата од ставот (1) на овој член, ќе се смета дека договорот за вработување не е склучен.

Обврска за обука

Член 82-љ

(1) Работник на шумската полиција има право и обврска, во текот на годината, да се обучува во согласност со потребите на шумската полиција, а врз основа на план за обуки, кој го донесува министерот надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Обука во шумската полиција се спроведува во следниве случаи:

- кога определено лице за прв пат заснова работен однос и
- заради континуирана обука на работник.

(3) Обуката за засновање на работен однос се состои од два дела и тоа: стручна и тактичко техничка обука.

(4) Стручна обука од став (3) на овој член ќе се оддржува во средното шумарско училиште или шумарски факултет, додека тактичко техничката обука ќе се оддржува во центрите за обука на кадри од областа на безбедноста.

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ќе определи институција каде што ќе се одржи стручната и тактичко техничката обука.

(6) По завршената обука за основање на работен однос, работникот полага испит од двата дела и добива Уверение за шумски полицаец.

(7) Секој работник кој посетува обука за засновање на работен однос испитот за шумски полицаец може да полага до три пати во годината.

(8) Испитот за шумски полцицаец го организира и спроведува органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во соработка средното шумарско училиште, шумарскиот факултет и центрите за обука на кадри од областа на безбедноста.

(9) Испитот за шумски полицаец од овој закон се полага пред стручна комисија што ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(10) Испитот за шумски полицаец се полага заради проверка на потребното стручно знаење од областа на шумарството.

(11) Стручниот дел на испитот за шумски полицаец се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(12) Областите кои ќе бидат опфатени за стручниот дел и за тактичко-техничкиот дел од испитот за шумски полицаец ќе бидат дефинирани од институцијата која ќе ја определи министерот кој раководи со

органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(13) Испитот за шумски полицаец се полага според програма во која се содржани градивото и прописите.

(14) Програмата за полагање на испитот за шумски полицаец ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(15) Прашањата од стручниот дел и тактичко-техничкиот дел од испитот ги верификува Комисија составена од пет претставници од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(16) Комисијата од ставот (15) на овој член врши ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на студии на случај најмалку еднаш годишно.

(17) При ревизијата Комисијата особено ги има во предвид промените на правните прописи на кои е засновано прашањето односно случајот, бројот на кандидати кои го одговорале, успешноста во одговарањето на истите како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на испитот за шумски полицаец.

(18) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања Комисијата одлучува прашањата да бидат изменети или целосно отстранети од испитот за шумски полицаец.

(19) Членовите на Комисијата од ставовите (15) и (16) на овој член имаат право на паричен надомест што го определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(20) Износот на паричниот надомест од ставот (19) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања како и сложеноста на материјата.

(21) Годишниот износ на паричниот надоместок од ставот (20) се плаќа во износ од една месечна просечна нето плата во Републиката исплатена за предходната година.

(22) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот за шумски полицаец ги врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(23) Испитот за шумски полицаец се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(24) Кандидатите се информираат за датумот и времето на полагањето на испитот најмалку три дена пред одржувањето на испитот за шумски полицаец.

(25) Полагањето на испитот за шумски полицаец се снима и во живо се емитува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(26) Правното лице кое го спроведува испитот треба да ги исполнува критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за шумски полицаец кои услови поблиску ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(27) Во просторијата за полагање на испитот за шумски полицаец, за време на полагање на испитот се присутни двајца претставници од органот на државната управа надлежен за работите од областа на

шумарството, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и еден претставник на Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).

(28) Пред почетокот на полагањето на испитот за шумски полицаец, претставникот од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството го утврдува идентитетот на кандидатот со увид на лична карта.

(29) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(30) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од став (27) на овој член, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(31) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(32) Ако има проблеми со повеќе од пет комјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(33) Доколку кандидатот при полагањето стручниот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (29) и (30) на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија.

(34) Во случаите од ставот (33) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил испитот за шумски полицаец и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

(35) Овластените претставници од став (27) на овој член, за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

(36) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(37) Решение за продолжување на испитот донесува Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

(38) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (37) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(39) Против решението на Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството од ставот (37) на овој член кандидатот може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(40) Испитот за шумски полицаец започнува со полагање на првиот дел (стручниот дел), а по положен прв дел кандидатот се стекнува со право за полагање на вториот дел (тактичко-техничкиот дел).

(41) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

(42) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството со Правилник го пропишува начинот на бодување на првиот и вториот дел од испитот.

(43) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 10 прашања со пет опции за заокружување од кој едната е точна, две се слични, едната е неточна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една е неточна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(44) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно став (43) на овој член, ќе се смета дека испитот не го положил.

(45) Полагањето на првиот дел од испитот за шумски полицаец се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(46) Прашањата од тестот зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(47) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот за шусмки полицаец и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на ловечки испит.

(48) Електронскиот систем од став (47) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 100 прашања од секоја област.

(49) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и стручната литература во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот.

(50) Бројот на прашања во базите од став (48) на овој член се зголемува за 10 % годишно, почнувајќи од 2015 година.

(51) Резултатите од полагањето на првиот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

(52) На денот на полагањето на првиот дел од испитот, претставникот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството на кандидатот му дава пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем.

(53) По одобрувањето на пристапот, кандидатот за првиот дел од испитот добива компјутерски генериран електронски тест, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од ставот (52) на овој член.

(54) Првиот дел од испитот, содржи упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставникот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(55) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот.

(56) Во случај на спреченост на спроведување на првиот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, полагањето на испитот се прекинува.

(57) Доколку причините од ставот (56) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот, истиот се продолжува веднаш по нивното отстранување.

(58) Доколку причините од ставот (56) на овој член нема да се отстранат во рокот од ставот (57) на овој член, испитот се презакажува за друг термин.

(59) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(60) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 60% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

(61) На барање на кандидатот, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството го информира за направените грешки во тестот за полагање на испитот за шусмки полицаец, со овозможување непосреден увид во тестот.

(62) Тестовите се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на испитот за шумски полицаец.

(63) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на испитот за шумаски полицаец и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот, како и снимките од одржаните испити се чуваат во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(64) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството формира Комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од став (63) на овој член и во која, покрај другите членови членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

(65) Комисијата од став (64) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку две сесии одржани во тековната година.

(66) Комисијата има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на комисијата, но не порано од денот на отпочнување на примената на овој закон.

(67) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршување на испитот.

(68) Формата и содржината на уверението од ставот (претходнен) на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(69) Уверението за шумски полицаец има важност од пет години, со обврска по истекот на важноста во рок од две години повторно да го обнови.

(70) Секоја година, работниците во шумската полиција спроведуваат обука и настава.

(71) По завршување на обуката, работникот е должен да го пренесе стекнатото знаење на другите работници.

Унапредување на работниците

Член 82-м

(1) Постапката на унапредување на работно место во повисоко ниво има за цел да им овозможи на работниците во шумската полиција кариерно напредување, односно преминување од пониски на повисоки работни места.

(2) Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување.

(3) Работник може да биде унапреден доколку ги исполнува следниве услови:

- работното место на кое се унапредува е слободно,

- во целост ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,

- бил оценет со оцеки “особено се истакнува“ или “се истакнува“ под услови утврдени со овој закон,

- е распореден на работно место непосредно пониско од работното место на кое се унапредува,

- поминала најмалку една година од неговото последно унапредување и

- во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, Колективен договор на Министерството и договор за вработување.

Селекција во постапката за распоредување, односно унапредување

Член 82-н

Составот на комисијата за унапредување и начинот на спроведување на селекцијата за унапредување ја пропишува министерот надлежен за работите од областа на шумарството.

Управување со ефектот и оценување

Член 82-њ

(1) Раководниот работник е должен континуирано да го следи ефектот на работниците со кои раководи, во текот на целата календарска година и по потреба да предлага мерки за подобрување на нивната работа.

(2) Најдоцна до 31 декември, раководниот работник со оценки 1, 2, 3, 4 или 5 врши оценување на вработените врз основа на критериумите што се однесуваат на резултатите од неговата работа, како и личните квалитети што тој ги покажал во текот на работењето, и тоа: стручност, обем на работа (колку работа завршил), правовременост (кога ги завршил работите), самостојност, доверливост, соработка, организирање на работата, комуникација и други способности поврзани со работата.

(3) По завршувањето на оценувањето копија од образецот за оценување се доставува и до работникот.

(4) Оценката од ставот (2) на овој член е основ за: зголемување или намалување на платата на вработениот, утврдување на парична или друг вид на материјална или нематеријална награда, унапредување или распоредување на работно место на пониско ниво, или прекинување на работниот однос.

(5) Раководниот работник кој го врши оценувањето е должен да подготви и најдоцна до 31 декември до министерството надлежно за работите од областа на шумарството да достави извештај со ранг-листа на годишни оценки на сите работници, како и примерок од образецот за извршено оценување.

(6) Работник кој отсуствал од работа подолго од шест месеци во текот на една календарска година (боледување, неплатено отсуство и слично), како и работник во шумската полиција кој за првпат засновал работен однос во шумската полиција во годината за која се врши оценувањето и работел пократко од шест месеца нема да биде оценуван.

(7) Начинот на управување со ефектот, како и формата и содржината на образецот за оценување ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на шумарството.

Право на приговор

Член 82-о

(1) Работникот кој не е задоволен од оценката, може во рок од осум дена од денот на известувањето за извршеното оценување, да поднесе приговор до комисиите за преиспитување на оценката што ги формира министерот.

(2) Комисиите од ставот (1) на овој член се составени од претседател, двајца членови и нивни заменици.

Плата и надоместок на плата

Член 82-п

(1) Основната плата и додатоците на плата на вработените лица во шумската полиција со статус на овластените службени лица се утврдуваат со овој закон.

(2) Основната плата и додатоците на плата на вработените лица во шумската полиција со статус на административни службеници се утврдуваат со закон.

Право на штрајк

Член 82-р

(1) Работниците во шумската полиција правото на штрајк можат да го остваруваат на начин и под услов битно да не се нарушува редовното извршување на работите на шумската полиција.

(2) Заради спречување на евентуални штетни последици од неизвршување на работите од шумската полиција за време на штрајкот, министерот или од него овластен работник е должен да обезбеди потребно функционирање на организациските единици во процесот на работата.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член работниците се должни да постапуваат по соодветните наредби.

(4) Доколку работниците не постапат согласно со ставот (3) на овој член, министерот, односно од него овластен работник е должен да го обезбеди остварувањето на работниот процес со заменување со соодветни работници.

(5) Организаторот на штрајкот е должен да го најави штрајкот на министерот и да ја достави одлуката за стапување во штрајк, како и програмата за начинот и обемот на вршење на работите и задачите кои е неопходно да се извршуваат за времето на штрајкот, најдоцна седум дена пред почетокот на штрајкот.

Дисциплинска и материјална одговорност

Член 82-с

(1) За кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, работникот на шумската полиција одговара дисциплински.

(2) За конечната одлука донесена по спроведна дисциплинска постапка се известува подносителот на иницијативата од ставот (1) на овој член.

(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на работникот на шумската полиција.

(4) Работник кој ќе предизвика штета на шумската полиција во работата, односно во врска со работата е должен да ја надомести.

Видови на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски

Член 83

(1) Работник во шумската полиција одговара дисциплински за полесни и потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски.

(2) Работникот врши полесно кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, колективен договор, правила и прописи на шумската полиција и договор за вработување, доколку:

1) не го почитува работниот ред и дисциплина;

2) не се придржува на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време;

3) не побара отсуство или навремено писмено не го извести претпоставениот работник за отсуството од работа;

4) поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа писмено не го извести претпоставениот работник за отсуството од работа;

5) со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;

6) настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести претпоставениот работник за отсуството од работа;

7) не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа;

8) незаконски или неовластено ги користи средствата на шумската полиција;

9) не укажува правна и друга помош во рамките на своите овластувања на странката во остварување на нејзините законски права и правни интереси и

10) избегнува обука.

(3) Работникот врши потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, утврдени со закон, колективен договор, правила и прописи на шумската полиција и договор за вработување, доколку:

1) неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;

2) го злоупотреби боледувањето;

3) не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;

4) не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место;

5) не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина;

6) внесе, употреби или е под дејство на алкохол и наркотични средства;

7) стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на Министерството;

8) изврши злоупотреба на лични податоци;

9) постапува спротивно на правилата и прописите на шумската полиција;

10) го злоупотреби или пречекори даденото овластување;

11) избегнува лекарски преглед заради утврдување на работната способност;

12) предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата;

13) непристојно се однесува спрема странки;

14) противправно прибавува лична корист во врска со вршењето на работите и задачите;

15) изврши послуга или овозможување на послуга на друго лице со пари или со други работи од вредност кои на работникот му се доверени во вршењето на работите и задачите;

16) врши определени работи, самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност под услови спротивно на закон;

17) не дава податоци или дава неточни податоци што според прописите им се даваат на овластените органи или граѓани;

18) изврши дејствие што претставува кривично дело или изврши дејствие кое претставува прекршок против јавниот ред и мир и

19) доколку избегне задолжителен психијатриски и психолошки преглед, односно советување со психолог (психолошко советување).

Видови дисциплински мерки

Член 83-а

(1) За полесните случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски се изрекуваат следниве дисциплински мерки:

- писмено предупредување и
- парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење најмногу до три месеци.

(2) За потешките случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски се изрекуваат следниве дисциплински мерки:

- парична казна во висина од 30% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење најмногу до три месеци,
- распоредување на работно место непосредно пониско од работното место на кое дотогаш работел, согласно со Класификацијата на работните места и
- откажување на договорот за вработување.

Отстранување на работникот од работното место

Член 83-б

(1) До донесување на решение во дисциплинска постапка што се води против одреден работник, работникот со решение се отстранува од работното место и од Министерството во случаите утврдени со прописите за работните односи, ако настане една од следниве ситуации:

- непосредно се загрозува животот или здравјето на работниците или други лица или се оштетуваат средства од поголема вредност,

- присуството на работа и натамошната работа во Министерството штетно ќе се одрази врз работењето на Министерството,

- се осуетува или оневозможува утврдувањето на одговорноста за повреда на работните обврски и

- кога против работникот е покренатa кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата.

(2) За време на отстранувањето од работното место и од Министерството, на работникот му се утврдува и исплатува надоместок во висина од 50% од износот на платата што работникот ја остварил во месецот пред отстранувањето од работното место.

(3) Решението од ставот (1) на овој член, го донесува министерот или од него овластено лице.

(4) Работникот има право на приговор против решението од ставот (1) на овој член до посебна комисија, во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

(5) Комисијата од ставот (4) на овој член ја формира министерот и е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици.

(6) Приговорот против решението од ставот (3) на овој член, не го одложува извршувањето на решението.

Решение за изрекување на дисциплинска мерка

Член 83-в

(1) Решение за изрекување на дисциплинска мерка донесува министерот на предлог на комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност која ја формира министерот и е составена од претседател, два члена и нивни заменици.

(2) Решението за изрекување на дисциплинска мерка содржи и образложение за основот и причините за изрекување на дисциплинската мерка.

(3) Решението за изрекување на дисциплинска мерка на работникот, министерот е должен да го донесе во рок од шест месеци од денот на пријавувањето на повредата на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, а најдоцна во рок од 12 месеци од денот кога е сторена повредата.

(4) Како ден на пријавување се смета денот на поднесување на предлогот за покренување постапка за утврдување на дисциплинската одговорност од овластен подносител.

Приговор против решението за изрекување на дисциплинска мерка

Член 83-г

(1) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, работникот има право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Приговорот се поднесува преку Министерството до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(2) Приговорот против решението од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето.

Надоместок за причинета штета

Член 83-д

(1) Работникот, кој на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета, е одговорен за настанатата штета и е должен да ја надомести.

(2) Министерот со решение формира Комисија за утврдување на материјална одговорност на работниците која е составена од три члена и нивни заменици.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

(4) Комисијата од ставот (2) на овој член, за утврдената фактичка состојба поднесува извештај врз основа на кој министерот донесува одлука за надоместок на штета.

(5) Против одлуката од ставот (4) на овој член, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Надомест за претрпена штета

Член 83-ѓ

(1) Ако работникот претрпи штета на работа или во врска со работата, Министерството е должно да му ја надомести штетата согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Министерството е должно да ја надомести материјалната штета што вработениот во вршењето на работите и работните задачи ја предизвикал кон трети лица.

Престанок на работен однос

Член 83-е

(1) На вработениот му престанува работниот однос:

- со спогодба,
- по негово барање,
- по сила на закон и
- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

(2) На вработениот му престанува работниот однос со спогодба, кога со министерот, ќе склучи писмена спогодба за престанок на работниот однос.

(3) На вработениот му престанува работниот однос во Министерството, ако поднесе писмено барање за престанок на работниот однос.

(4) Во случај на престанок на работниот однос по барање на вработениот, отказниот рок трае 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за престанок на работниот однос.

(5) На вработениот му престанува работниот однос по сила на закон, ако:

- ја загуби работната способност со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на загубената работна способност,

- му престане државјанството на Република Македонија, со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Македонија,

- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата,

- му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата,

- поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци со денот на започнувањето на издржување на казната,

- навршил 64 години старост,

- неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец,

- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување,

- органот на државната управа, надлежен за инспекциски надзор, во рок од една година утврди дека вработениот е вработен спротивно на одредбите од овој закон и

- други услови согласно со овој закон и посебните закони.

(6) Решението за престанок на работниот однос на вработениот го донесува министерот.

(7) Решението за престанок на работниот однос се врачува лично на вработениот, по правило на работното место, односно на адреса на неговото живеалиште, односно престојувалиште.

(8) Ако вработениот не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се прикачува на огласната табла на министерството и по изминувањето на осум дена од денот на огласувањето се смета дека врачувањето е извршено.

(9) Против решението од ставот (6) на овој член вработениот има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Употреба на оружје

Член 84

(1) При вршење на работите од членот 82 на овој закон припадниците на шумската полиција можат да употребат огнено оружје во следниве случаи:

1) да спречат бегство на лице затечено во вршење на кривично дело со кое се нанесува штета на шумата, ако постојат основани сомненија дека ќе употреби огнено или друг вид на оружје и

2) да одбијат од себе непосреден напад со кој се загрозува нивниот живот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член припадниците на шумската полиција ќе употребат огнено оружје само ако со употребата на физичка сила, гумена палка или други средства на присилба не можат да ја обезбедат службената работа.

Член 84-а

(1) Службеното оружје и муниција со кои е задолжен припадникот на шумската полиција, односно на шумочуварската служба, времено ќе му бидат одземени, кога Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ и другите субјекти

задолжени за управување со заштитените подрачја, ќе добие известување од надлежна институција за започната постапка против припадникот на шумската полиција, односно на шумочуварската служба за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, до правосилност на одлуката во кривичната, односно прекршочната постапка.

(2) На припадникот на шумската полиција, односно на шумочуварската служба времено ќе му се одземе службеното оружје и муниција, кога Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени за управување со заштитените подрачја ќе добие известување од надлежниот центар за социјални работи дека сторил семејно насилство, до правосилноста на одлуката на надлежен суд за привремена мерка за забрана.

(3) Одземеното службено оружје и муниција од ставот (1) на овој член, се чува во шумскополициска станица, односно во Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени за управување со заштитените подрачја, за што се должни во рок од 24 часа да го информираат Министерството за внатрешни работи.

(4) Одземањето на службеното оружје и муниција од ставовите (1) и (2) на овој член, трае до завршувањето на постапката која последна ќе заврши со правосилна одлука.

(5) Припадникот на шумската полиција, односно на шумочуварската служба за кој е поведена постапка за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, односно е добиено известување од надлежниот центар за социјални работи дека сторил семејно насилство од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно од Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени за управување со заштитените подрачја, се упатува на задолжителен психијатриски и психолошки преглед, односно советување со психолог (психолошко советување) до овластена здравствена институција.

(6) Наодот од психијатрискиот и психолошкиот преглед, односно советувањето со психолог (психолошко советување) со задолжителен наод и мислење за способноста на припадникот на шумската полиција, односно на шумочуварската служба да биде распореден на работно место со овластување за носење и употреба на службено оружје се доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно до Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени за управување со заштитените подрачја, каде што е вработен припадникот на шумската полиција, односно на шумочуварската служба.

(7) Во случај на започната постапка против припадникот на шумската полиција, односно на шумочуварската служба за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството, односно директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени за управување со заштитените подрачја, покренува дисциплинска одговорност и ако се докаже дека е извршено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, ќе го распореди на определено време на соодветно работно место без овластување за носење и употреба на службено огнено оружје.

(8) Распоредувањето од ставот (7) на овој член е до правосилноста на одлуката во кривичната постапка, прекршочната постапка односно правосилноста на одлуката од став (2) на овој член.

(9) Кога кај припадник на шумската полиција, односно на шумочуварската служба е утврдено дека поради нарушена психофизичка или општа здравствена способност е неспособен за вршење на работите и задачите од работното место со овластување за

носење и употреба на службено огнено оружје на кое е распореден, а истовремено не ги исполнува условите за стекнување на право на инвалидска пензија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно до Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ и другите субјекти задолжени за управување со заштитените подрачја ќе го распореди на неопределено време на соодветно работно место без овластување носење и употреба на службено огнено оружје.

Одговорност

Член 85

Ако средствата за присилба и огненото оружје се употребени во границите на овластувањата, исклучена е одговорноста на припадникот на шумската полиција кој го употребил средството или огненото оружје.

Униформа и оружје

Член 86

(1) Припадниците на шумската полиција носат униформа и се вооружени.

(2) Униформата и видот на оружјето што го носат припадниците на шумската полиција ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Плата и додатоци на плата на овластените службени лица

Член 86-а

(1) Овластеното службено лице има право на плата и надоместок на плата согласно со овој закон.

(2) Платата на овластеното службено лице му се обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија сразмерно на извршената работа, во согласност со условите утврдени со овој закон.

(3) Платите на овластените службени лица се пресметуваат во бруто-износ, а се исплатуваат во нето-паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

(4) Придонесите и персоналниот данок од доход на овластените службени лица ги плаќа работодавачот со исплата на платата во согласност со закон.

(5) Министерството е должно да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на овластениот службеник му издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

Составни делови на плата на овластените службени лица

Член 86-б

(1) Платата на овластените службени лица се состои од:

- основна компоненета и

- исклучителна компонента.

(2) Основната компонента на платата ја сочинуваат:

- минимална плата,

- дел на плата за степен на образование,

- дел на плата за ниво,

- зголемување од 30% за компонентата ниво за овластени службени лица и

- дел на плата за стаж.

(3) Минималната плата е онаа што министерот за труд и социјална политика ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.

(4) Делот на плата за степенот на образование, кој е законски минимум за соодветното ниво на работното место, се вреднува на следниов начин:

НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ /ОБРАЗОВАНИЕ	БОДОВИ
Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен	56
Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС	31
Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование	11
Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование	1

(5) Делот на плата за нивото на кое е распоредено овластеното службено лице се вреднува на следниов начин:

ЗВАЊЕ	БОДОВИ
Раководител на сектор	249
Помошник раководител на сектор	185
Раководител на одделение	127
Командир	127
Заменик командир	107
Шумски полицаец	68

(6) Делот на плата за работниот стаж на овластените службени лица се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Зголемување на износот на средствата наменети за плата за 30%

Член 86-в

Делот на плата ниво од основната компонента на овластените службени лица се зголемува за 30% поради видот, природата и сложеноста на работите што се извршуваат, како и поради тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат.

Вредност на бодот на овластените службеници

Член 86-г

Вредноста на бодот за пресметување на платите на овластените службени лица е идентична со вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, кој се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за финансии.

Додатоци на плата за вработените

Член 86-д

(1) Овластено службено лице има право на додаток на плата по час, и тоа:

- за работа ноќно време 35%,
- за работа ден на неделен одмор 50%,
- за работа во денови на празник и неработни денови утврдени со закон 50%,
- за работа во смени 5% и/или
- за прекувремена работа по час се исплаќа во висина од 35%.

(2) За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, овластеното службено лице има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

(3) Додатоците на плата од ставовите (1) и (2) на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

Евиденција на додатоците на плата

Член 86-ѓ

(1) За извршените работи и поминато време на работа во согласност со членот 86-а од овој закон, раководното лице на организациската единица во органот на државната управа од областа на заштитата на шумите во државна и во приватна сопственост, води соодветна евиденција.

(2) Контрола на евиденцијата од ставот (1) на овој член, врши непосредно повисокото вработено раководно лице - раководител на секторот и организациската единица за управување со човечки ресурси.

VIII. СУБЈЕКТИ КОИ СТОПАНИСУВААТ СО ШУМИТЕ

Субјекти кои стопанисуваат со државните шуми

Член 87

(1) Стопанисување со шумите кои имаат стопански и заштитен карактер во државна сопственост го врши Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми”.

(2) Стопанисувањето и управувањето со шумите и шумското земјиште во заштитените подрачја го вршат субјекти утврдени со актот за прогласување, а во согласност со овој закон и Законот за заштита на природата.

Член 87-а

(1) Со одземената дрвна маса која е предмет на кривична или прекршочна постапка, освен средствата и предметите со кои е извршено кривичното дело или прекршокот управува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми".

(2) Одземената дрвна маса од став (1) на овој член Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" е должно да ја превземе веднаш по известувањето од страна на органот кој известува.

(3) За одземената дрвна маса од став (1) на овој член се составува записник кој содржи податоци за дрвниот вид, дрвниот сортимент, количината, класата и локацијата (место викано/катастарска парцела) од каде потекнува и каде се одзема.

(4) Одземената дрвна маса Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" ја продава согласно со ценовникот на главни производи и најмалку 30 % од одземеното дрво и дрвни сортименти ги преодстапува на државни органи, дирекции, јавни установи и други институции основани од државата, како и единици на локалната самоуправа за што Одлука донесува Владата на Република Македонија. Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" од останатите 70% од вредноста на продадената дрвна маса должно е 20% да уплати на буџетот на Република Македонија додека 80% ќе ги користи за сопствени потреби.

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ги пропишува формата и содржината записникот од став (3) на овој член.

(6) Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на одземената дрвната маса од ставот 1 на овој член, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" е должно да врати ист вид, количина и класа на дрвна маса согласно правосилната одлука.

(7) Доколу Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" не располага со ист вид, количина и класа од одземената дрвна маса за истата ќе плати паричен надомест во висина на вредноста на дрвната маса.

Услови за стопанисување со шумите во државна сопственост

Член 88

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост мора да исполнуваат услови за кадровска, техничка и финансиска оспособеност, така за да се обезбеди стручно и трајно извршување на работите и мерките на одгледување, заштита и чување на шумите, заштита на биодиверзитетот во шумските екосистеми, како и работи за користење на шумите, односно изработка и одржување на шумски сообраќајници и други објекти кои се во функција на стопанисување со шумите.

(2) Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост без разлика на нивната намена и начин на управување се должни да стопанисуваат со шумите под услови и на начин утврдени со овој и друг закон.

Начин на користење на шумите во државна сопственост

Член 89

(1) Шумите во државна сопственост не се предмет на продажба и пренамена.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член е дозволена пренамена, доколку се работи за изградба на објекти од јавен интерес.

(3) Правниот субјект кој е корисник на објектот од јавен интерес плаќа надоместок на корисникот на шумата во државна сопственост.

(4) Шумите во државна сопственост не можат да се даваат под закуп.

Обврски при стопанисување со шумите во државна сопственост заради остварување на јавниот интерес

Член 90

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост се должни да ги вршат особено следниве работи:

- заштита на шумите од биотски и абиотски фактори,
- чување на шумите и дивечот,
- изработка и спроведување на плански документи,
- обезбедување на шумски репродуктивен материјал,
- одгледување на шуми,
- користење на шуми,
- проектирање, изработка и одржување на шумски сообраќајници и други објекти кои се во функција на стопанисување со шумите,
- унапредување на општокорисните функции на шумите,
- стручен надзор над извршување на работите на заштита на шумите, одгледување на шумите и користење на државните шуми,
- водење на евиденција за државните шуми,
- обезбедување на средства за одржлив развој и заштита на шумите,
- обезбедување на економската и социјалната функција на шумата, обезбедувајки трајни приноси од дрво и други производи и функции на шумите,
- зголемување на учеството на високостеблените шуми во вкупниот шумски фонд,
- зголемување на површината под интензивни насади со цел за зголемување на производството на дрво,
- преведување на деградирани шуми во високостеблени шуми доколку природните/еколошките услови тоа го дозволуваат,
- обезбедување природен начин на обновување на шумите, доколку природните/еколошките услови тоа го дозволуваат и
- други работи утврдени со овој закон и други прописи.

(2) Субјекти кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост се должни во процесот на стопанисување со шумите да ја зачува и зголеми вредноста на државните шуми и при користењето на шумите и шумското земјиште и другите потенцијали на шумата и севкупниот простор и содржина во рамките на државните шуми да обезбеди услови за одржлив развој и остварување на општокорисни финкции на шумите и да оствари најдобар економски ефект во согласност со овој закон и други прописи.

(3) Субјекти кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост одговараат со целиот свој имот за штетите предизвикани заради неизвршување на обврските од ставот (1) на овој член.

Стекнување добивка

Член 91

Субјекти кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост можат да остварат добивка преку:

- производство и продажба на шумски сортименти,
- собирање, производство и продажба на шумски плодови, печурки и лековити растенија (недрвни шумски производи), полжави и желки,
- експлоатација на камен, песок, чакал, хумус и друго и
- други дејности предвидени со овој закон и други прописи.

Стопанисување со приватни шуми

Член 92

(1) Стопанисувањето со приватните шуми го вршат сопствениците а услуги за извршување на стручни работи од областа на шумарството им даваат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

(2) Работите кои се однесуваат на заштита и користење на шумите го вршат сопствениците.

(3) Стручни и советодавни работи во приватните шуми можат да ги вршат регистрирани правни и физички лица согласно со овој закон.

(4) Стопанисувањето со приватните шуми се врши врз основа на донесени посебни планови за стопанисување, програми или критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост.

(5) Посебните планови и програми за стопанисување со шумите во приватна сопственост ги донесуваат сопствениците на шумите, а ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(6) Спроведувањето на донесените плански документи за стопанисување со приватните шуми го вршат сопствениците преку ангажирање на стручно лице од областа на шумарството дипломиран шумарски инженер – насока шумарство, со или без работно искуство или лице со завршена средна стручна спрема од шумарска струка – шумарски техничар, техничар за шумарство и пејсажна архитектура или специјалист за шумарски работи со минимум две години работно искуство од областа на стопанисување со шумите или Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

(7) Начинот и условите за извршување на стручно техничките и советодавните работи во шумите ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Здружение на сопственици на приватни шуми

Член 93

(1) Сопствениците на приватните шуми можат да се здружуваат во здружение на сопственици на приватни шуми.

(2) Здруженијата на сопственици на приватни шуми можат да ги извршуваат следниве активности:

1) ги информира своите членови за програмите, процедурите и можностите за поддршка на шумарството во приватниот сектор и руралниот развој;

2) извршување на стручно- технички работи во приватните шуми;

3) застапување на интересите на членовите на здружението и

4) други активности поврзани со шумите.

IX. РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ

Проста репродукција

Член 94

(1) Под проста репродукција на шумите, во смисла на овој закон, се подразбира одгледување, заштита на постојните шуми, изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи на заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите.

(2) Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума.

(3) Средствата од ставот (2) на овој член што ги издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, се водат на посебна сметка во субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, односно правното лице кое врши одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

(4) Средствата за проектирање и изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите можат да изнесуваат до 40 % од висината на средствата издвоени за проста репродукција на шумите.

Проширена репродукција на шуми

Член 95

(1) Проширена репродукција на шуми опфаќа:

- подигнување на нови шуми со пошумување на голини и ерозивни земјишта,
- мелиорација на деградирани шуми и шикари,
- нега на шумски култури,
- превентивна заштита на шумите и шумските култури,
- сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури подигнати на голини, површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари,
- обезбедување на семе и на шумски саден материјал,
- изградба на инфраструктурни објекти во шума и
- техничко опремување за спроведување на проширената репродукција на шумите.

(2) Корисници на средствата на проширената репродукција на шумите се субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост и сопствениците на шуми во приватна сопственост сразмерно на уплатените средства.

(3) За работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат:

- субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 3% од вредноста на исечено дрво, франко камионски пат,

- сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на исечено дрво, франко камионски пат,

- правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и

- Буџетот на Република Македонија.

(4) Средствата од ставот (3) алинеи 1, 2 и 3 на овој член се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија.

Користење на средствата од проширената репродукција

Член 96

Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според годишна програма што ја донесува Владата особено за:

- пошумување на голини и ерозивни земјишта,

- мелиорација на деградирани шуми и шикари,

- отстранување на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова,

- нега на шумски култури и на пренаменети природно пошумени површини,

- превентивна заштита на шумите и шумските култури,

- објавување и печатење на инструкциите, протоколите, плановите, материјалите за обука, насоките и други материјали од областа на управувањето со пожари на отворен простор, како и за техничко одржување и хостирање на веб страницата на Министерството на земјоделство, шумарство и водостопанство за подигање на јавната свест за заштита на шумите од пожари,

- за вршење на работите од членот 40-в од овој закон,

- сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури и на површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари и

- обезбедување на шумско семе и саден материјал.

X. ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ НА ШУМИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ

Извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост

Член 97

Стручните работи на шуми во приватна сопственост го вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

Член 97-а е избришан.

Член 97-б е избришан.

XI. НАДЗОР

Вршење надзор

Член 98

(1) Надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на него го врши Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

(2) Работите на инспекцискиот надзор ги вршат државни инспектори за шумарство.

(3) Надзор и контрола на прометот - продажбата на дрвото, како и на другите шумски производи врши државниот пазарен инспекторат.

Државен инспектор

Член 99

(1) Државен инспектор за шумарство може да биде лице со високо образование од шумарска насока и најмалку пет години работно искуство во областа на шумарството.

(2) Државниот инспектор за шумарство има легитимација.

(3) Формата, содржината и начинот на издавањето и одземањето на легитимацијата на државниот инспектор за шумарство ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Надзор над извршената ознака за сеча

Член 99-а

(1) За извршениот инспекциски надзор кај субјектите од членот 64 став (1) од овој закон инспекторот е должен да состави записник за констатираната состојба за извршената ознака за сеча.

(2) Ако инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор утврди неправилности, е должен да донесе решение со кое ќе нареди да се отстранат неправилностите во определен рок, согласно со одредбите од членот 24 од Законот за шумарска и ловна инспекција.

Овластувања на државен инспектор

Член 100

(1) Во вршењето на работите државниот инспектор за шумарство е овластен да:

1) врши контрола на работите на одгледувањето, заштитата и користењето на шумите, објектите, уредите и направите, како и сите места каде што дрвото се сече, изнесува од шума, пренесува, превезува, сместува, преработува или се пушта во промет, како и средствата со кои дрвото се превезува или пренесува;

2) врши контрола на спроведувањето на плановите за стопанисување со шумите, плановите за одгледување и заштита на шумите во заштитени подрачја, програмите и критериумите, да ги прегледува деловните книги и други документи;

3) врши увид во работењето и документацијата на правните лица кои имаат лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур;

4) запре привремено сеча на шума, копачење, напасување на добиток, како и други дејствија што не се во согласност со одредбите на овој закон и со прописите донесени врз основа на него, до извршувањето на мерките наредени со решение, односно до конечна одлука на надлежниот орган;

5) бара податоци, информации и известувања за извршените работи на репродукција, користење, одгледување и заштита на шуми, како и други податоци за утврдување дали стопанисувањето со шумите се врши во согласност со овој закон и прописите донесени врз негова основа;

6) ги известува надлежните органи, органите на управување на јавното претпријатие и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми со посебна намена за констатираните неправилности, да бара нивна интервенција, ако самиот не е овластен да постапи непосредно;

7) бара анализа од соодветни научни и други институции заради утврдување на фактичката состојба;

8) нареди привремени мерки за спречување на штетата во итни случаи, во кои би настанала штета по јавниот интерес;

9) презема и други мерки и дејствија за што е овластен со посебни прописи и

10) да презема мерки и дејствија согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

(2) За мерките од ставот (1) на овој член со исклучок на точката 7 од ставот (1) на овој член шумарскиот инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди направената неправилност и за истата донесува решение за укажување за отстранување на утврдената неправилност на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(3) Доколку државниот инспектор при спроведување на контролата и надзорот утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира покренатата постапка.

(4) Доколку државниот инспектор при спроведување на контролата и надзорот утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот орган.

(5) Субјектите што стопанисуваат со шумите и субјектите кои ги спроведуваат плановите за одгледување и заштита на шумите во заштитените подрачја, другите правни лица и граѓаните, чија работа подлежи на надзор на државни инспектори за шумарство и ловство се должни да го овозможат вршењето на надзорот и да им ги дадат потребните податоци.

(6) Субјектите на кои се однесува решението од ставот (2) на овој член се должни да постапат по истото во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(7) Жалбата против решението од ставот (2) на овој член може да се изјави до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

(8) Жалбата од ставот (5) на овој член не го одлага извршувањето на решението, ако со неизвршувањето на утврдените мерки ќе се предизвикаат последици кои тешко можат да се отстранат.

Член 100-а е избришан.

XII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 101

(1) Глоба во износ од 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, доколку:

1) врши активности спротивно на предвидувањата со членот 13 став (1) од овој закон;

2) не го заврши копачењето кое е одобрено на површината за друга намена во рок од две години од започнувањето со копачењето (член14 став (1));

3) врши или овозможи копачење или чиста сеча спротивно од одредбите на членот 14 став (1) точки 1 и 6 од овој закон;

4) не го пошуми земјиштето (член 15 став 3));

5) не ги изврши обвските во определиот временски период согласно со членот 22 став (1) од овој закон;

6) одгледувањето на шумите (биолошка обнова) не ги врши според посебните планови (членови 29 став (1), 43 и 50);

7) врши користење на шума за која не е донесен посебен план, односно програма (членови 29 и 30);

8) во законскиот рок не донесе посебен план за секоја шумскостопанска единица (член 29 став (2));

9) не донесе посебен план за стопанисување со шумите со посебна намена (член 29 став (5));

10) со шумите и шумското земјиште стопанисува спротивно од одобрените посебни планови и програми за стопанисување (членови 29 став (1) и 30 став (1));

11) не донесе програма за стопанисување со шумите согласно со членот 30 став (1) од овој закон;

12) веднаш не престане со спроведување на мерките од посебниот план или програмите и не изврши изменување и дополнување (член 34);

13) не ги поднесе на одобрување посебните планови и програми во определениот рок согласно со членот 35 став (1) од овој закон;

14) извршува работи спротивно на прописите од членот 35 став (5) на овој закон;

15) не обезбеди чување на плановите согласно со членот 36 ставови (2) и (4) од овој закон;

16) во шума и на шумско земјиште гради или овозможи градење на објекти спротивно од одредбите на членот 46 став (1) од овој закон;

17) постапува спротивно на одредбите од членот 62 од овој закон;

18) ознаката за стеблимична сеча и за површинска сеча дозволи да се врши спротивно на одредбите од членот 63 ставови (1), (2) и (3) на овој закон;

19) не постапи согласно со одредбите од членот 64 став (1) и (3) на овој закон;

20) изврши пречекорување на сечивиот етат (член 65 став (2));

21) не го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството за издадените одобренија за сеча од членот 67 став (2) на овој закон;

22) издаде одобрение за сеча спротивно на одредбите од членот 68 на овој закон;

23) врши откуп и преработка на дрво спротивно на одредбите од членот 70 на овој закон;

24) не издвои и не ги води на посебна сметка средствата за проста репродукција согласно со членот 94 став (2) од овој закон и

25) не постапува по донесеното решение, не овозможи вршење на надзор или не му ги даде потребните податоци на инспекторот по шумарство согласно со членот 100 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правно лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците ги извршило од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во двоен износ на глобата од ставот (1) на овој член.

(4) Покрај изречената глоба на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење до 30 дена.

Член 102

(1) Глоба во износ од 20.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на правното лице, доколку:

1) не плати надоместок за извршеното копачење согласно со членот 18 од овој закон;

2) врши сеча на ретки видови дрвја без одобрение (член 19 став (1));

3) не донесе годишен план за стопанисување со шумите согласно со членот 31 од овој закон;

4) не донесе изведбен план согласно со одредбите од членот 32 на овој закон;

5) не ги евидентира извршените работи согласно со членот 39 став (1), (2) и (3) од овој закон;

6) не извршува одгледувачки работи согласно со членот 43 од овој закон;

7) не ги извршува работите согласно со членот 44 од овој закон;

8) не ги изврши работите согласно со членот 45 од овој закон;

9) не ги изврши работите за заштита на шумите согласно со членот 48 ставови (1) и (3) од овој закон;

10) не ги спроведе мерките за заштита согласно со членот 50 од овој закон;

11) врши уништување на белези и знаци во шума и сече стебла на кои се поставени знаци (член 51);

12) дозволи напасување и желадење во шума надвор од определените места (член 52 ставови (1) *и (4)*); *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/17)*

13) пали отворен оган во шума и шумско земјиште спротивно на членот 54 став (1) од овој закон;

14) дозволи подигнување на варници и жежници за дрвен јаглен и слични објекти спротивно на членот 55 став (1) од овој закон;

15) не преземе посебни мерки за заштита на шумите од пожари согласно со членот 56 став (1) од овој закон;

16) работите кои ги изведува се спротивни на одредбите од членот 58 ставови (1) и (2) на овој закон и не воведат шумски ред;

17) ги загадува шумите со депонирање на отпаден материјал и не ги спречи дејствијата со кои се врши загадување согласно со членот 59 ставови (1) и (4) од овој закон;

18) изврши ознака за сеча спротивно на предвидувањата на посебните планови и програми (член 62 став (6));

19) не изврши ознака за стеблимична сеча спротивно на членот 62 став (8) од овој закон;

20) не изврши ознака согласно со одредбите од членот 64 став (3) на овој закон;

21) дозволи на физичко лице вршење на сеча во државна шума спротивно на членот 66 став (1) од овој закон;

22) врши жигосување и издава испратница спротивно на одредбите од членот 69 на овој закон;

23) врши извоз спротивно на одредбите од членот 71 став (1) на овој закон;

24) собира, користи или дозволи собирање спротивно на членот 72 од овој закон;

25) гради шумски патишта без проектна документација (член 74 став (4));

26) не води евиденција и не достави податоци во определениот рок (член 80 став (2)) и

27) не издвои и не уплати средства за проширена репродукција согласно со членот 95 ставови (3) и (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правно лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците ги извршило од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во двоен износ на глобата од ставот (1) на овој член.

(4) Покрај изречената глоба на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење до 30 дена.

Член 103

(1) Глоба во износ од 15.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на правното лице, доколку:

1) врши сеча спротивно на членот 42 став (1) од овој закон;

2) не презема мерки согласно со членот 47 став (2) од овој закон;

3) не определи делови од шума за премин на добиток согласно со членот 52 *став (5)* од овој закон; *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/17)*

4) ознаката ја врши спротивно на членот 62 став (10) од овој закон;

5) не води евиденција на исечената дрвна маса или дозволи да се издаде поголема дрвна маса за сеча (член 66 ставови (6) и (7));

6) претпријатијата што вршат промет со дрво на купувачот не му издадат соодветен документ (член 69 став (8));

7) постапува спротивно на одредби на членот 70 став (7) од овој закон;

8) не води евиденција за користење на другите шумски производи согласно со членот 72 став (4) од овој закон;

9) не ги одржува и не води евиденција на шумските патишта (член 75 став (2));

10) користи шумски патишта спротивно на условите предвидени во членот 75 став (3) од овој закон;

11) на сопственикот на земјиштето не му плати надоместок за користење на службеност во согласност со членот 76 став (2) од овој закон и

12) не води евиденција на површините (попис на шумското земјиште и настанатите промени) и не достави известување согласно со членот 77 ставови (1) и (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правно лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците ги извршува од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во двоен износ на глобата од ставот (1) на овој член.

(4) Покрај изречената глоба на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење до 30 дена.

Прекршоци за физичко лице

Член 104

(1) Глоба во износ од 3.500 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, доколку:

1) врши дејствија спротивно на членот 13 ставови (1) и (2) од овој закон;

2) врши копачење или чиста сеча спротивно од одредбите на членот 14 став (1) точка 6 од овој закон;

3) врши сеча на ретки видови дрвја без одобрение согласно со членот 19 став (2) од овој закон;

4) не ги изврши обвските во определиот временски период согласно со членот 22 став (1) од овој закон;

5) врши стопанисување со шумите спротивно на членот 29 ставови (7), (8) и (9) од овој закон;

6) гради објекти и изведува други работи во шума спротивно на членот 46 став (1) од овој закон;

7) врши сеча без ознака (член 62 став (1));

8) врши сеча во државна шума спротивно на одредбите од членот 66 ставови (1), (4) и (7) на овој закон;

9) врши сеча без одобрение спротивно на одредбите од членот 67 ставови (1), (3), (4), (5) и (7) на овој закон;

10) не го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството за издадените одобренија за сеча од членот 67 став (2) на овој закон;

11) пренесува, превезува исечено дрво од место на сеча или од место до место, или складира дрво без да е жигосано или снабдено со испратница или друг документ (член 69);

12) врши откуп и преработка на дрво кое не е жигосано и снабдено со испратница спротивно на членот 70 од овој закон,

13) собира, односно користи без издадена согласност или спротивно на одредбите на поблискиот пропис од членот 72 ставови (3) и (7) на овој закон;

14) не му овозможи на припадникот на шумската полиција да ги извршува неговите овластувања согласно со членот 82 од овој закон;

15) не издвои и не уплати средства за проширена репродукција согласно со членот 95 ставови (3) и (4) од овој закон и

16) не овозможи вршење на надзор или не му ги даде потребните податоци на инспекторот по шумарство согласно со членот 100 од овој закон.

(2) Доколку физичкото лице прекршоците ги извршува од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во износ од 5.000 до 8.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршоците од ставот (1) точки од 1 до 16 на овој член покрај глоба се изрекува и мерка на безбедност одземање на предмети употребени или наменети за извршување на прекршокот, како и безправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

Член 105

(1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, доколку:

1) не плати надоместок за извршеното копачење согласно со членот 18 од овој закон;

2) не донесува посебен план или програма согласно со членовите 29 ставови (7) и (8) и 30 од овој закон;

3) не изврши пошумување на површините предвидени со планот, односно програмите, го отстапи одобрението за сеча на друго лице (членови 29 и ставови (7) и (8) и 30 ставови (1) и (3));

4) изврши сеча на стебла спротивно од членот 42 став (1) на овој закон;

5) не презема мерки согласно со членовите 47 став (2) и 48 став (2) од овој закон;

6) врши напасување и желадење во шума без одобрение (член 52 ставови (1) и (4));

7) пали отворен оган во шума спротивно на членот 54 став (1) од овој закон;

8) изврши ознака за сеча спротивно на предвидувањата на посебните планови и програми (член 62 став (5));

9) не изврши ознака за стеблимична сеча спротивно на членот 62 став (8) од овој закон;

10) изврши ознака спротивно на одредбите од членот 62 став (10) на овој закон;

11) постапува спротивно на одредби на членот 66 став (3) од овој закон;

12) не дозволи премин, пренос или превоз, односно туѓи шумски производи на своето земјиште (член 76 став (1)) и

13) не постапат согласно со членот 77 став (2) од овој закон.

(2) Доколку физичкото лице прекршоците ги извршува од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе му се изрече глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршоците од ставот (1) точки од 1 до 13 на овој член покрај глоба се изрекува и мерка на безбедност одземање на предмети употребени или наменети за извршување на прекршокот, како и безправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

Член 106

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, доколку:

1) уништува белези и знаци во шума или сече стебла на кои се поставени знаци (член 51);

2) подига варници и жежници спротивно од членот 55 став (1) на овој закон;

3) не презема посебни мерки за заштита на шуми од пожари (член 56 став (1));

4) се движи во шума за време на забрана без одобрение (член 57 став (3));

5) не спроведува и не одржува шумски ред (член 58 ставови (1) и (2));

6) загадува шуми со депонирање на отпаден материјал (член 59 ставови (1) и (4));

7) ознаката за стеблимична сеча и за површинска сеча ја врши или дозволи да се врши спротивно на одредбите од членот 63 ставови (1) и (2) на овој закон;

8) не носи со себе испратница при вршење на пренос односно превоз на дрво (член 69 став (9));

9) гради пат без проектна документација (член 74 став (4)) и

10) користи шумски патишта спротивно на условите предвидени во членот 75 став (3) од овој закон.

(2) Доколку физичкото лице прекршоците ги извршува од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе му се изрече глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршоците од ставот (1) точки од 1 до 10 на овој член покрај глоба се изрекува и мерка на безбедност одземање на предмети употребени или наменети за извршување на прекршокот, како и безправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

Член 106-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице за прекршоците предвидени од овој закон се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 106-б

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на шумарството ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 65-в став (3) и 70-а став (8) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членовите 65-в став (4) и 70-а став (9) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече изрече за прекршок на овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на шумарството ако не одлучи по барањето во рокот утврден во членовите 65-в став (8) и 70-а став (10) од овој закон.

(4) За прекршоците од ставовоте (1), (2) и (3) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Рок на застареност

Член 107

Рокот на застареност на прекршочната постапка од членовите 101, 102, 103, 104, 105 и 106 на овој закон изнесува пет години.

XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Трансформација на Јавното претпријатие

Член 108

Трансформацијата на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" ќе се изврши со посебен закон.

Донесување на општ план

Член 109

Општ план за развојот на шумарството во Република Македонија ќе се донесе во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постапување со неуредени државни шуми

Член 110

До донесување на посебни планови и програми за неуредените шуми во државна сопственост, правните лица кои стопанисуваат со шумите се должни да ги извршуваат работите кои се однесуваат на одгледувањето и заштитата и да изготват планови и програми во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постапување со неуредени приватни шуми

Член 111

До донесување на посебни планови и програми за шумите во приватна сопственост ќе се стопанисува според постојните критериуми и изготвени евиденциски картони.

Ознака и жигосување

Член 112

До издавање на лиценци на лица за вршење на ознака за сеча и жигосување на посечено дрво, ознака за сеча и жигосување во државни и приватни шуми на посечено дрво ќе вршат правните лица кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост.

Извршување на започнати постапки

Член 113

Постапките започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за шумите (“Службен весник на Република Македонија” број 47/97, 7/2000, 89/2004, 54/2007 и 103/2008).

Донесување на подзаконски прописи

Член 114

(1) Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Важност на законот за шумите

Член 115

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за шумите (“Службен весник на Република Македонија” број 47/97, 7/2000, 89/2004, 54/2007 и 103/2008).

Влегување во сила

Член 116

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13

Член 33

Започнатите постапки за ознака за сеча до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија” број 64/2009, 24/11, 53/11 и 25/13).

II. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/14

Член 30

Со денот на влегување во сила на овој закон престануваат да важат издадените лиценци за вршење на стручни работи на шуми во приватна сопственост, а издадените шумски жигови за ознака и жигосување заверени во Регистарот на заверени шумски жигови за ознака за сеча и шумски жигови за жигосување на дрво и дрвни

сортименти кој се води во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството пред денот на влегување во сила на овој закон ќе престанат да се користат.

Член 31

Со денот на влегувањето во сила на овој закон започнатите работи од правните и физичките лица кои поседувале лиценца за извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост ќе продолжи да ги врши Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

III. „Службен весник на Република Македонија" бр. 7/16

Член 2

Започнатите постапки за добивање согласност за трајна пренамена на шума и шумско земјиште до влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со законот со кој се започнати.

VII. „Службен весник на Република Македонија" бр. 39/16

Член 9

Започнатите постапки до денот на започнувањето со примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.